СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

од Првото продолжение на Педесет и петтата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 11 февруари 1993 година

Скопје, февруари 1993 година

**ПЕДЕСЕТ И ПЕТТА (55) СЕДНИЦА НА СОБРАНИЕТО НА РМ, ОДРЖАНА НА 11.II.1993 ГОД.**

ДНЕВЕН РЕД: ИНФОРМАЦИЈА ЗА АКТИВНОСТИТЕ ОКОЛУ ПРИЕМОТ НА РМ ВО ООН


| | |
|---|---|
| 1. СТОЈАН АНДОВ | 1 |
| 2. МИТКО АНАСТАСОВСКИ | 14, 32, 34, 36 |
| 3. ГОЦЕ АНДОНОВСКИ | 19 |
| 4. ХАМИД АЛИУ | 23 |
| 5. ЉУПЧО ГЕОРГИЕВСКИ | 11 |
| 6. ВЛАДИМИР ГОЛУБОВСКИ | 15 |
| 7. РАТКА ДИМИТРОВА | 13 |
| 8. РИСТО ЈАОВАНОВ | 18 |
| 9. ЃОРЃИ КОТЕВСКИ | 61, 67 |
| 10. ДЕНКО МАЛЕВСКИ | 2 |
| 11. ТРАЈАН МИЦЕВСКИ | 25, 29 |
| 12. ЕФТИМ МАНЕВ | 49 |
| 13. СЛАВЕ НАУМОВСКИ | 71, 72 |
| 14. МЕРСИМ ПОЛОЖАНИ | 15 |
| 15. НИКОЛА ПОПОВСКИ | 43 |
| 16. КИРО ПОПОВСКИ | 51, 59 |
| 17. ФЕРИД САДИКУ | 16 |
| 18. ТОМИСЛАВ СТЕФКОВСКИ | 16, 42, 71 |
| 19. РИСТО СТАНКОВСКИ | 37, 41 |
| 20. МУХАМЕД ХАЛИЛИ | 70 |


СЕДНИЦАТА ПРОДОЛЖУВА!

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

## од првото продолжение на Педесет и петтата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 11 февруари 1993 година

Седницата почна со работа во 13,40 часот, во салата за седници на Собранието.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше Стојан Андов, претседател на Собранието.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дами и господа, продолжуваме со работа.

Пратениците Александар Гештаковски, Страшо Милковски, Алил Џаферовски и Никола Апостоловски ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницата.

Констатирам дека на седницата присуствува мнозинство пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

Ве известувам дека работата на Собранието ја следат и членовите на Мисијата на ЌЕБС д-р Stefan Troebest, Pal Tersztyansky и Oskar Clyatt.

Дозволете од мое и ваше име да ги поздравам.

Минуваме на дневниот ред.

- Информација за активностите околу приемот на Република Македонија во ООН.

Информацијата на Владата на Република Македонија и Извештајот на Комисијата за надворешно - политички прашања и односи со странство ви се поделени. Исто така ви се поделени и оригиналниот текст и преводот на Меморандумот во врска со приемот на Република Македонија во ООН и Грчкиот Меморандум со кој се настојува тоа да

се спречи, како и обраќањето на претседателот на Република Македонија Киро Глигоров до генералниот секретар на ООН.

Ве потсетувам дека Информацијата што Ви е поделена, Владата на Република Македонија ја подготви и ја достави откако Собранието не го прифати предлогот на Владата, претходно подготвената информација Собранието да ја разгледа без присуство на јавноста.

Отворам претрес.

Го молам министерот за односи со странство да земе збор.

**ДЕНКО МАЛЕВСКИ:**

Пратеници, последниот престој на делегацијата на Министерството за односи со странство на Македонија во Њујорк, имаше за цел да го покрене закочениот механизам за прием на нашата држава во Обединетите нации. По двонеделни разговори, триесетина на број со претставниците на земјите членки на Советот за безбедност и со генералниот секретар Бутрос Гали, пријавата на нашата Република е пуштена во процедура. Тоа значи дека генералниот секретар со свое писмо ја испрати нашата пријава до претседателот на Советот за безбедност, а тој ја циркулира до членовите на Советот и до сите членки на Обединетите нации.

Причините за задржувањето на нашата пријава е отпорот на Република Грција, која што како што Ви е добро познато се противи на нашето членување во Обединетите нации под името Република Македонија. Фактот дека по двонеделниот престој успеавме да се избориме, нашето барање да влезе во формална процедура, не значи дека е отклонета пречката која што стои на патот на наш нормален прием во ОН. Напротив пречката наречена Грција,сеуште ни е на патот и тоа значително ќе го продолжи компликувањето на нашиот прием. Од

правен аспект не постои ниту една пречка, ние да станеме членки на ОН, во една мошне кратка процедура. Имено, ви исполнуваме условите од Повелбата, што ќе рече не сметаат за цивилизирана држава, која при тоа води мирољубива политика. Меѓутоа, создаден е политички проблем. Овој политички проблем е создаден оној момент, кога Грција отпочна жестока кампања против Македонија и нејзиното уставно име. Грчката аргументација како што ви е познато ќе се егализира, постоењето на една експанзионистичка држава, која што има територијални претензии кон неа. Се разбира, никој не верува дека двомилионска Македонија, сиромашна земја и без воена сила може да ја загрози Грција, членка на Европската заедница и на НАТО. Меѓутоа, добар дел од претставниците на земјите, со кои разговарав, како да веруваат дека ќе има проблеми во регионот, до колку ние бидеме веднаш примени со нашето име во ОН. Тој заклучок, тие го извлекуваат од разговорите со официјални претставници на Грција, кои се заканувале дека целосно ќе ја затворат границата, а некои пак укажувале на неизвесноста, како војската ќе се однесува кон новата држава. Згора кон ова е и сознанието дека обичниот грчки човек го тресе националистичка грозница, во што ги убедува дека на паролата за грчкост на Македонија се собрале еден милион и половина луѓе на улиците на Атина. Ваквите состојби. земјите членки на Советот на безбедност ги наведува да прават паралели со други земји од минатото или денес, зафатени со националистичка еуфорија, што резултира со нивна претпазливост по прашањето на нашиот прием. Морам да речам дека постои и искрена загриженост за нашата судбина. Но, од друга страна, тука се, се разбира, и интересите кои што ја поврзуваат Грција, земја членка на ОН, Европската заедница и НАТО со другите земји во светот, а особено со двата најсилни центри на воена и економска моќ, со САД и Европската заедница.

I/4.-

Тие интереси како што ни зборува искуството со признавањето од страна на Европската заедница се мошне силни и често знаат да ги потиснат принципите на правото. Токму, од овие причини нашиот прием во ОН нема да биде лесен и треба да се подготвиме да истрпиме удари, како, впрочем и досега и кога правдата била на наша страна.. Затоа држејќи се на принципите на правото и правдата,кои што во крајна линија во корист на малите држави сепак, мораме да разбереме дека во политиката постојат определени законитости кои што го чинат овој свет многу несовршен. Разбирајќи ги тие законитости се заштитуваме од непотребни жртви, кои можат да го загрозат нашиот опстанок. Значи сплетот на интереси со кои е изврзан светот, налага додатни напори и трпени на оние кои сакаат да си го создадат своето место под сонцето, како што ;е случајот со Македонија, која, да не заборавиме при тоа, сака својата цел да ја постигне со мирни средства. Постоењето на интересите не значи дека секоја борба е залудна. Напротив, но во ситуацијата во која се наоѓаме треба многу повеќе труд и ум, а помалку емоции. Мислам дека така и се однесувавме последниве две години. Последица од ваквото однесување на Република Македонија во целиот изминат период на борба за независност, со нивни средства и со сила на аргументи е она што е наш успех, а што често не умееме да го препознаеме, уште помалку гласно да го изговориме. За каков успех зборувам;

Прво, Република Македонија денеска во светот се прифаќа како независна држава. Значи границите на оваа држава се врежани во политичката карта на Европа и на светот. До колку некој смета дека тоа е едноставна работа и нешто што се подразбира само по себе, би ве потсетиш на судбината на многу народи, далеку побројни од нас, македонскиот, кои со векови се борат за своја држава, а изгледите за таков исход не е ниту на повидок. Впрочем доволно е да ја погледнеме

нашата  сопствена историја, па да се увериме дека зацртувањето на границите на нашата држава во картата на светот е огромно достигнување.

Второ, Лисабонската декларација е дерогирана. Европа и светот сфатија дека сечењето на врската помеѓу нацијата и државата, македонци, Македонија е нешто што нема да го дозволиме, заради нас самите зашто така би го загубиле нашиот идентитет, и заради мирот на Балканот, зашто така би се повампириле сеништата од минатото, како (борба на околните народи за нашите души и за нашата земја.

Трето, освоивме симпатии во светот со нашето однесување. До колку некој мисли дека е тоа мала работа, помислете само во каква положба би биле како држава ако ги немаме симпатиите на моќните и на оние другите држави во светот, уште повеќе доколку тие би биле наши противници. Меѓутоа ништо не е вечно на овој свет. Држави настануваат или не настануваат. Живеат или пропаѓаат. Одлуки се донесуваат, но и се менуваат. А, тешко стекнатите симпатии лесно се губат.

Пратеници дозволете ми сега да ве соочам со моите сознанија во една редуцирана форма од средбите во ООН и за патот кој. треба да се изоди. Познато ми е дека ни се потребни девет гласови од 15 од Советот за безбедност, нашата пријава да се најде пред Генералното собрание. Меѓутоа, не е во прашање проста математика. До колку би било така, тогаш можеби би можеле да сметаме на девет гласови меѓу овие петнаесет земји, САД, Кина, Русија, Велика Британија, Франција, Јапонија, Шпанија, Унгарија, Мароко, Зелено Р^тските острови, Венецуела, Бразил, Нов Зеланд, Пакистан и Џибути. Меѓутоа, со оглед на фактот што двата најголеми центри на светска економска и воена моќ,

I/6

Европската заедница и САД, чии интереси се силно испреплетени со оние на Република Грција, се чини не се спремни во овој момент целосно да застанат зад нашето барање, нормалниот прием во ОН на нашата држава, го чини неизвесен. Имено, раководени од причини што ги изнесов на почетокот а тоа се грижата за состојбите во Грција и можната внатрешна дестабилизација и однесувањето на оваа држава кон нас, со последици кон целиот регион, како и силните сојузнички врски на воен економски план, Европските земји Велика Британија, Франција и Шпанија не се спремни да го поддржат нашиот прием во ООН под името Република Македонија, а на гласање би апстинирале и бараат да направиме некаков компромис. Од тука и нивната најнова иницијатива со поранешна Југословенска Република Македонија. Постои, при тоа,голема веројатност трите членки на Европската заедница да обезбедат поддршка во рамките на Советот за безбедност за својот план. Меѓутоа;, тогаш ќе мора да се сослуша и нашето мислење, и ние да кажеме дали го прифаќаме тој план или не. Инаку, при престојот во ООН во долгиот дијалог со генералниот секретар, тој се согласи формално да отпочне процедурата, истакнувајќи дека ризикот и исходот го зема Република Македонија, и предупредувајќи дека во овој случај, формалната процедура може да трае долго.-

Дали требаше да инсистираме нашето барање да влезе во формална процедура? Одоговорот е потврден. Имено, изминатиот пат, оној до Извештајот на Арбитражната комисија на Бадантер, а особено она што се случуваше после тој Извештај, не увери дека Грција поседува силни институционални механизми во Европската заедница и силни неформални облици на влијание во светот, во недоглед да го држи отворено прашањето за нашето признавање. Од таму нашето

инсистирање, барањето за прием во ООН да се формализира и како такво да се најде пред Советот за безбедност во процедура, која наспроти сите ризици има свој почеток и свој крај. Меѓутоа, инсистирајќи на нашето право во ООН да влеземе со нашето уставно име можно е да се соочиме со следниве ситуации, на кои треба да бидеме подготвени.

Во врска со приемот во ООН, од процедурален аспект Грција и нејзините сојузници може да го одолговлекуваат ставањето на точката на дневен ред на Советот за безбедност. Под претпоставка дека ова брзо ќе се стори, можно е Комитетот за прием на нови членови да ја испитува легалноста на нашата пријава и до 6 месеци. Доколку пак Советот би се нашол во ситуација да гласа по нашата пријава, постои голема веројатност денес, да не ги добиеме нужните девет гласови и со тоа да мора целата постапка да се обнови. Постои опасност, условно речено, во недоглед да бидеме блокирани во нашиот прием во Светската организација.

Во врска со нашата економија, Грција отворено вели дека ќе ја затвори границата со Република Македонија за секаков проток на стоки и луѓе, во случај на наш прием под името Република Македонија. Тоа значи дека проблемите на границата ќе продолжат како и досега, а можно е да се интензивираат со закана од тотална блокада. Тука се и прашањата сврзани со безбедноста на границите и внатрешната безбедност за кои што треба да расправа Владата и кои што може исто така да бидат расправани на затворената седница.

Од ова заклучувам повторно дека ќе треба многу труд и трпение да влеземе во ООН и со нашето име Република Македонија. За предностите од таквиот исход особено во поглед на позитивната национална кохезија на Македонците и достоинството на народот, не би зборувал зашто тие работи се евидентни.

Укажувам само на тешкотиите или на дел од тешкотиите кои ни стојат на патот и кои, доколку, не ги земеме предвид и не ги пресметаме во цената во борбата за независност, може да предизвикаат рушење на ова ниво на национална кохезија и губење на ова достоинство кое денес го имаме.

Пратеници, во меѓувреме, по моето враќање до Њујорк стаса иницијативата од трите земји, членки на Европската заедница во ОН, Велика Британија, Франција и Шпанија со писмо од 3 февруари оваа година на министерот Херт до претседателот Глигоров. Разбравме дека овие земји со својата иницијатива го запознале Претседателот на Советот на безбедност, Мароканскиот амбасадор Снуси. Пораката која ја упатив до претходниот и досегашниот претседател на Советот на безбедност е следната. Ништо, што се однесува до барањето на Република Македонија, не треба да се разгледува на Советот, па макар и на неформални состаноци, без претходна Македонија да се запознае со предлогот кој се разгледува и без таа да даде свое мислење и своја аргументација.

Од Советот на безбедност стаса уверување дека така ќе се постапува. Мислам дека денес, не е време да се изјаснуваме по иницијативата, меѓу другото, затоа што треба да се соберат сите релевантни факти и да се одговори на сите прашања, пред тоа да се стори. Потребно е, исто така, да се создаде една работна атмосфера, а за тоа е најпогодна Комисијата за меѓународна соработка на Собранието. Доколку не постојат нормативни пречки, оваа Комисија може да биде зајакната со уште по еден или двајца претставници од партиите и така да биде во постојано заседание. Одлуките кои во иднина ќе треба да се донесуваат се од таков карактер што е нужен меѓупартиски консензус на сите сили во Парламентот.

Се разбира консензусот не значи дека сите треба да мислат исто за признавањето и членството на Македонија во 00Н туку да се обврзат на почитување на определени правила на однесување на извесен политички бонтон. Имено, потребна е лојална опозиција која ќе ги стави настрана партиските интереси и ќе помогне на власта да се стаса до заедничката цел - прием во Обединетите нации и меѓународното признавање.

Понатаму, нужно е да се почитуваат демократските правила, особено она кое налага да се поклониме пред волјата на мнозинството граѓани, претставени преку пратеници во Парламентот. НО, тоа исто така, значи мнозинството, кога станува збор за витален државен интерес како што е приемот во Обединетите нации, со должен респект да се однесува кон мислењето на опозицијата, информирајќи ја за сите преземени чекори.

Пратеници, дозволете ми на крајот да прозборам за едно свое стравување во овие моменти. Жестокиот грчки настап последниве две години и уцените кои ги преживеавме со прекините на проток на стоки од Солунското пристаниште како и малтретирањето на нашите луѓе на граница, создаде, разбирлива атмосфера на отпор меѓу граѓаните на Република Македонија. Понекогаш, во текот на овие две долги години помислував не ли е крајната цел на ваквото однесување, тој отпор да прерасне во отворен шовинизам, кој што би се сукобил со грчкиот, и се разбира, би доживеал пораз. Тој луксуз Македонија не смее да си го дозволи. Нашата социјална енергија, мораме да ја насочиме кон решавањето на фундаменталните, социјалните, политички и економски проблеми, меѓу кои се изградбата на еден демократски политички систем, изградбата на пазарна економија, и конкретни чекори за

подобрување на меѓунационалните односи. Со еден збор, да ги средоточиме сите наши сили на изградба на подобро и побогато општество. Ете широко поле за натпревар на балканските народи.

II/1 ДВ/ПН

**СТОЈАН АНДОВ:**

Пред да минеме на претрес, предлагам секој пратеник да зборува само по еднаш, без други ограничувања.

Кој е за предлогот да крене рака.

Господинот Љупчо Георгиевски сака да постави процедурално прашање.

**ЉУПЧО ГЕОРГИЕВСКИ:**

Јас се извинувам, меѓутоа, манипулациите кои почнаа со овој Парламент на минатата седница каде го видовме претседателот на Собранието во улога, навистина, главен судија во македонскиот парламент, сега продолжуваат и понатаму, до толку повеќе што не сака да даде простор ни за процедурални забелешки.

Јас сакам само да го потенцирам моментот дека Уставот на РМ е многу јасен, никој на некој парламентарец не може да му забрани, по било која основа да се јавува, да разговара и што да зборува. Во таа смисла јас можам д ви кажам дека во сите демократски држави како и во Македонија многу е јасно дека било кој парламентарец може да зборува што сака како сака и во време колку што сака. Од тука ваквите процедури што сега се измислуваат дека по еднаш само има право некој да зборува, сметам навистина дека претставуваат манипулација. потолку повеќе што се работи за една точка што е од исклучително значење за целата македонска држава и иднината на македонскиот народ. Едноставно сметам дека ваквото гласање за ова прашање дали еден парламентарец има еднаш право да се јави за збор, не може да се гласа и незнам кој се тие заклучоци кои можат да се довлечат до тоа. Ако евентуално манипулацијата оди до таму и да се гласа, јас можам дави

кажам дека ќе го користам моето уставно право да се јавам ако треба еднаш, двапати, три пати за се она што сметам дека е потребно да се каже. Навистина ве молам, еднаш за секогаш да се престане со однапред подготвени сценарија во македонскиот парламент. Јас не знам од што се плашиме, што треба да криеме, зошто требаат такви ограничувања. Едноставно, ова е слободна дискусија. Ако можеме да расправаме за секое друго прашање во една слободна, нормална атмосфера, зошто денес не би можеле да разговараме во слободна и нормална атмосфера. Дали е работата сите да ги кажеме нашите мислења какви што сакаме, или повторно треба некои игри да правиме овде пред целата јавност и пред целата меѓународна јавност. Навистина сметам дека овие манипулации треба еднаш за секогаш да престанат во македонскиот парламент. Уставот во тој поглед е многу јасен. Ако сака господинот Андов да има прецизна процедура во овој Парламент, нека го забрза изработувањето на новиот Деловник за работата на македонскиот парламент кој веќе две години е парализиран, па да знаеме врз основа на што ќе ги потпираме овие правила. Сметам дека овие правила се измислени и се со цел да се направи едно ново сценариото во Парламентот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Да се договориме.

Прво, не постои земја со демократски систем каде Парламентот во својата работа не предвидува и ограничувања од овој тип. Во секоја земја постојат 2 типа ограничувања. Или ограничување со кое се предвидува бројот на минутите на секоја парламентарна група и тоа ќе го видите вие во деловниците на сите парламенти или пак се утврдува по

еден говорник да зборува 15 минути, од секоја парламентар на група еден говорник, а другите да можат да кажат по 5 минути. Значи, знатно поголеми ограничувања отколку што се предвидени со овој, досегашниот правилник.

Второ, деловникот не го прави претседателот туку Комисија на овој Парламент. Сите пратенички групи во таа комисија имаат свои членови и кога ќе биде целата постапка готова него ќе го усвоиме овде. Затоа, во согласност со Деловникот, тоа нема никаква врска со Уставот, член 107, предлагам секој пратеник, без друго ограничување, туку предвидено може да се оди на друго ограничување, да зборува само по еднаш. Јас не предлагам ни колку долго да зборува, но само по еднаш.

Сите демократски деловници како што реков предвидуваат построга процедура.

Госпоѓата Ратка Димитрова има процедурално прашање.

**РАТКА ДИМИТРОВА:**

Се наоѓаме во ситуација во која не се наоѓал никогаш никој народ во историјата. Македонскиот народ гладува и готов е залогот од устата да си го даде и трпи работи како што се УНПРОФОР, трпи и работи како што се и изјавите на Митеран дека уште 5 илјади војници треба овде да дојдат кои што ќе не задушат, да речам, со својата големина. Трпи многу работи без да му биде објаснето. Има право овој народ да добие исцрпни и вистински информации. Може по сите прашања ние да правиме ограничувања, но ова денес по ова прашање не смее да има ограничување. Врвна епокризија по мене е претседателот на нашето Собрание, господин Андов да зборува воопшто за Деловник и деловнички одредби, бидејќи го кочи овој Деловник беше трета година.

II/4

**СТОЈАН АНДОВ:**

Госпоѓа Димитрова ме спомнува па уште еднаш да кажам дека има Комисија во Собранието составена од пратеници од сите пратенички групи кои работата на Деловникот. Ни еден акт претседателот не изработува. Кога ќе се заврши Деловникот ќе ви се достави како и се друго овде и ќе го ставам на дневен ред.

**МИТКО АНАСТАСОВСКИ:**

Бидејќи се познаваме ние, знаеме какви сме кога ќе почнеме, некој ќе нападне еден, другиот ќе се јави итн., ние си го знаеме табиетот и ако се ограничиме да кажеме не ограничено тогаш еден човек ќе зборува цел ден. Сега кога ќе дојде време, треба некој да реплицира, да се одбрани, да каже нешто за што е нападнат. Меѓутоа, овој Парламент не е едноумие. Треба сите да сфатиме дека овој Парламент не е еден памет, има повеќе памети, бидејќи е реалистички. Според тоа, може и претседателот на Собранието сметаше дека полесно ќе го помине тоа прашаше поставено тука, меѓутоа, треба да има предвид дека не смее едноумие, постојат повеќе партии и повеќе мислења.

Второ, во овој Парламент има коалиција. Нормално, ако дојдеме до гласање коалицијата ќе гласа за тоа што го предложи претседателот на Собранието. Со тоа се ограничува правото на другите партии односно на мојата партија да зема збор еднаш, двапати или повеќе. Затоа, во парламентарните демократии тоа право не се ограничува. Еве сега наскоро читав дека во Италија еден пратеник зборувал 24 часа. Значи, тоа е спротивно и на сите законитости од меѓу- народното право, иако не сум адвокат. Можете да се смеете колку сакате, а немате право да се смеете и немате право никому да му го земете право. Ве молам, тоа

прашање, бидејќи го немаме решено со правилник нека си тече како што течело до сега.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Господинот Положани сака да постави процедурално прашање.

**МЕРСИМ ПОЛОЖАНИ:**

Имам чувство дека некој пак има денес намера да не гњави со својот патриотизам, со своите судбински моменти....

**СТОЈАН АНДОВ:**

Процедурално интервенирајте, ве молам.

**МЕРСИМ ПЛОЖАНИ:**

Предлагам дискусијата да се ограничи на 10 минути.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Јас предложив секој пратеник да се јави само по еднаш за збор, а за овој предлог што го дава Положани потребно е уште 10 пратеници да го поддржат.

**ВЛАДИМИР ГОЛУБОВСКИ:**

Сметам дека процедурите во Парламентот не можат да бидат привилегија на владејачката коалиција која го има мнозинството во Парламентот, затоа што се руши и суштината на демократската институција, а околу суштинските работи дозволуваме можност оние кои успеаја да ја формираат таа коалиција имаат мнозинство и да

одлучуваат сами но и да не не вовлекуваат во одговорноста за нивните одлуки.

**ФЕРИД САДИКУ:**

Јас ќе го поддржам предлогот на господинот Положани дискусијата да биде ограничена на 10 минути, а да имаат право координаторите да зборуваат 15 минути.

Некој овде спомна дека во Парламентите нема ограничување на дискусиите. Ние сите знаеме дека зборот Парламент, да се зборува со памет. Јас на овој наш Парламент би додал префикс памент, на албански значи без памет. Не сакам овде да слушам овде разни дискусии.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам, ограничувањата секој пратеник да се јави по еднаш за дискусија не се однесуваат само на опозицијата. Тоа се однесува за сите. Така да и овие кои се мнозинство немаат право повеќе пати да се јават. Тоа е едно.

Второ, навистина би било ограничување премногу ако на секој му ограничиме по оваа тема да зборува 10 минути. Но, јас сум должен и овој предлог да го дадам на изјаснување.

**ТОМИСЛАВ СТЕФКОВСКИ:**

Мислам дека предлогот на претседателот создаде една збрка која, морам да кажам малку ја наелектризира состојбата и најверојатно тоа ќе влијае и на карактерот на дискусиите на пратениците.

II/7

Бидејќи имаме една многу значајна тема, сметам дека секое ограничување е непродуктивно од аспект што ние си дозволуваме како Парламент кога расправаше за прашања од земјоделието да расправаме 3 дена, никакви ограничувања, а за едно вакво суштествено прашање ограничувањето е за мене непотребно.

Сакан да кажам нешто што г-динот Денко Малевски ни го спомна во контекст на ова дека не треба да има ограничување. Г-динот Малевски не ги спомна и внатрешните сили кои што се спротивставуваат на меѓународното признавање на РМ, па и во тој контекст сметав дека нема потреба од ограничување.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам, она што го спомна г-динто Малевски уште не сме влегле во расправа.

Ве молам да водиме сметка за осетливоста на темата. Таа осетливост фактички не упатува на тоа свој има право да каже, без оглед колку време зборува, но исто така, заради осетливоста на темата доволно е еднаш да каже за да може и друг да каже. Ние сме овде 120 пратеници. Ако еден пратеник се јави за збор 7 пати во тој случај некој друг ќе биде лишен од таа можност. Инаку, секој има право на реплика, ако е спомнат. Репликата не отпаѓа.

Го давам на гласање мојот прв предлог кој дојде, секој пратеник да може да зборува по еднаш.

Кој е за, молам да крене рака. (63)

Дали има некој против? (36)

Дали некој се воздржува од гласање? (2)

Констатирам дека овој предлог е усвоен. Јас го молам г-динот Положани да ги уважи наодите што јас ги изнесов овде и да го повлече овој предлог, или ако инсистирате да го дадам на гласање.

**МЕРСИМ ПОЛОЖАНИ:**

Го повлекувам предлогот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор пратеникот Ристо Јованов.

**РИСТО ЈОВАНОВ:**

Г-дине претседателе Андов, ова сега некако ме поттикнува како да треба да создаваме улична демократија.

Меѓутоа, јас сега ќе предложам вака: оној што не сака да дискутира, овде да ја утанчиме играта до крај, дали може да го префрли правото на друг дискутант кој сака по два пати да се јави за збор.

(смеа во салата)

**СТОЈАН АНДОВ:**

Не е обврзан секој да дискутира, па според тоа не може да го префрла правото.

Ве молам дали е потребно да дадеме пауза после излагањето на господинот Малевски. (Да)

Предлагам пауза од 30 минути.

(Седницата продолжи со работа во 15,05 часот)

За збор се јави господинот Гоце Андоновски.

**ГОЦЕ АНДОНОВСКИ:**

Почитувани пратеници, почитувано претседателство, би бил, навистина, задоволен ако господинот министер Денко Малевски ме убедеше во своето експозе и со информацијата дека се преземени сите мерки и активности за признавање на Република Македонија и се искористени сите политички средства, за жал, не само што не добив таков впечаток но се доби впечаток дека не ни стојат веќе други можности за поцелосна политичка акција. Во тој контекст ќе биде насочена мојата дискусија.

Пред извесно време францускиот весник "Либерасион" пишуваше - цитирам "Благодарение на моќта на масмедиумите и постојаното апострофирање на она што обичниот граѓанин сака да го слушне во врска со признавањето на Република Македонија, темпирано расте еуфоричното расположение и исчекување. Во тешки социјални времиња најуспешна шлаг торта за егзистенцијалниот неспокој на граѓанинот и неговата трпеливост е токму ветувањето на признавањето", се искажува во овој француски весник.

Интересно е да се забележи дека ветувачкиот глас на признавањето како од кој излегуваше од етерот на масмедиумите и од устите на главните актери - носители на надворешната политика на Републиката веќе од крајот на март и почетокот на април минатата година па до состанокот во Единбург на граѓаните од Републикава им се сервираат такви неточни исфабрикувани информации особено пред секој состанок на министрите на Европската заедница. На пример однесувањето на Грцитре на сите им се смачи. Како секоја членка на Европската заедница ќе ја признае Републикава така што по секој одржан состанок на министрите на Европската заедница доаѓаат ладни

облоги. Таквото поведение на мас медиумите е поддржувано, а може би и индуцирано од актерите на надворешната политика имаше за задача да ја одигра улогата на опиум на народот од една страна, а од друга страна беше алиби на структурата на моќта за нејзината неспособност да ги донесе системските закони, да го спречи наглото осиромашување на огромниот дел од населението, изградувањето на правната држава и слично.

Неверојатно, начинот на однесувањето на ветувачите на признавањето на Републиката одеше дури со одредени концесии на сметка на Република Македонија со прифаќање на нивниот предлог за Република Македонија во заграда Скопје со што министерот за надворешни на Републиката не убедуваше дека со тоа ќе ги одоброволиме членките на ЕЗ во Единбруг и ќе не признаат. За жал, сега повторно се репризира пред ООН без да се извлече поука од тоа.

Оттаму ни се јавуваше министерот дека е направен чекор напред само со таа разлика што не им објасни на граѓаните на РМ во што се состои тој чекор, бидејќи во јануари а веќе се движи втората половина од февруари Советот за безбедност на Обединетите нации не го става прашањето за признавање на РМ на дневен ред. Се разбира, освен ако не се мислеше или не се насетуваше предлогот на Франција, Англија и Шпанија, наводно за привремено име бивша Југословенска Република што подразбира штом е нешто бившо, барем за мене, сега не мора ни да постои. Се поставува прашањето како е водена надворешната политика токму по ова најсуштествено прашање признавање на Република Македонија. На тоа прашање на македонскиот народ и на сите граѓани на Републиката мислам дека е потребно да им се даде јасен одговор со цел да се обелодени зошто не е призната Република Македонија. Се стекнува впечаток дека актерите на дволичната политика влегле "боси в трње” односно наместо да водат планска и организирана стратегија за признавање на Република Македонија, како настаните да ја водеа

политиката  и тоа адхок. Поради тоа се наметнува следното прашање. Зошто се пот- цени цврстиот став на Грција за непризнавање и ставање вето кога пропагандната машинерија на Грција пред две три години наназад разви невидена пропаганда против Македонија не само како држава, туку и како нација.

Зошто се сметаше во круговите на надворешната политика дека е доволен позитивниот став на Комисијата на господинот Бадинтер и не се направи понатаму чекор како таквата позитивна оценка да се операционализира, да се аргументира и да се афирмира во целокупната светска јавност, а во врска со тоа следи зошто не се изготви "Бела книга" за вистината на Македонија со научна атрибија. Од историски, политиколошки, социолошки и културолошки аспект, што би се објавило на шест светски јазици, англиски,германски итн., во која, пред се ќе се укаже на вековната борба на Македонскиот народ за ослободување и осамостојување почнувајќи од Карпошовото,Илинденското востание, АСНОМ итн., како и незгаснатоста на Црковно просветните и културните центри и традиции што го одржаа не само културниот, туку и националниот идентитет на Македонија од Свети Климент, па се до денеска.

На крахот дали не беше ред да се обелодени укажувањето на одредени историчари од светот и научници дека Македонија не треба да се дели уште од пред Букурешкиот договор.

Ова ме наведува да го потцртам тоа дека не само јавноста во Европските земји, туку и видни политичари во Европа и одредени кругови како што беше англиската делегација, Белгискикот претставник Кујперс кои укажаа дека се информирани само од грчките информативни средства.

Се поставува прашањето дали не беше еднострано насочена акцијата само према членките на ЕЗ до Лисабонската декларација затоа што за мене навистина неминовност беше да се изгради стратегија во

III/4.-

која акцијата за признавање требаше да биде поширока, а на ова секако се надоврзува прашањето зошто се стесни водењето на политиката на тесен круг луѓе недоволно искусни, а се запостави вклучувањето на поширок круг луѓе особено на истакнати дипломати на Република Македонија затоа што нивното искуство и врски ќе беше навистина добредојдено во овој момент.

Сето ова е значајно да се укаже за што признавањето на Републиката од општ интерес и го тангира целокупниот македонски народ и сите граѓани, а не само одредени актери, бидејќи непризнавањето на Републиката кога би ги погодувала само нив не би било ни проблем.

Ние со ваквата политика придонесовме други да ни го одредуваат името да се зголеми неизвесноста, да се загрози и затвори перспективата.

Предлагам Парламентот да усвои декларација до парламентите на Европските држави Канада, Австралија, САД, како и Советот за безбедност да се признае Македонија со нејзиното легитимно вековно историско име, бидејќи во спротивно со привремено и друго име значи флагрантно кршење на Повелбата на човековите права за самоопределување документите на ЌЕБС и други норми на меѓународното право.

Истовремено да се гарантираат границите и да се надокнади претрпената шета, како и да се овозможи влегување на Република Македонија во меѓународните монетарни институции.

На крајот да заклучам треба да ги поддржиме сите оние земји кои ги прифаќаат нашите настојувања и заложби затоа што навистина е момент кога некои ќе бидат ставени на столбот на срамот на историјата.

III/5.-

**СТОЈАН АНДОВ:**

За збор се јави господинот Хамит Алију.

**ХАМИТ АЛИЈУ:**

Господа пратеници, ценето претседателство.

Активностите околу приемот на Република Македонија во организацијата на Обединетите нации мораме да признаеме дека во последните две години во Македонија се појавиле знаци на демократизирање на јавниот и општествениот живот. Меѓутоа, како демократска земја мора цврсто да повлече линија што е демократичност и што е рамноправност и тоа во сите сегменти на економскиот, правниот и политичкиот живот

Кога се говори за уставните принципи на Македонија, средствата за јавно информирање, го претставуваат Уставот на Република Македонија како најдеморкатски. Со ова не сакам да ја успорувам демократизацијата на Уставот, туку сакам да истакнам неколку факти што го оспоруваат признавањето на Македонија и приемот во Обединетите нации. Заправо усогласувањето помеѓу народите во Македонија произлегува од недефинирањето или лошо дефинирање на истите принципи од истиот документ.

Загрижувачки е фактот што споменатиот документ не ја претставува реалноста на Македонија, а реалноста е дека Македонија е мултинационална, мултилингва и мултикултурна. Појдовна основа на уставот е фактот на еднонационална заедница. Меѓутоа, мислам дека во истиот тој не баш демократски устав можат да произлезат сосема демократски закони. Тоа до ден денеска не е направено, напротив често пати имаме такви закони да се усвојуваат кои имаат дискриминаторски однос каков што е законот за државјанство каде граѓаните не се ставаат на иста разина на демократските права. Едните се третираат привилегирани, а другите дискриминирани. Да кажам за членот 26 кој

III/6.-

тежнее кон екстрадиција на еден број албанци, и другите националности да добијат државјанство или да кажам за членот 11 на истиот устав кој на Македонската националност им овозможува на тие граѓани што се вон Македонија.

Од горе изенсеното навистина се прашувам дали сакаме да се признае и да биде примена оваа држава во ОН или ова е само фразеологија, и се ронат крокодилски солзи само проформа, за јавноста. Но, од друга страна претераното вознемирување на политичките партии од македонскиот национален блок за признавањето и приемот на Македонија во Обединетите нации, бидјеќи до овој момент по секоја цена само  абалците биле за да се признае како суверена држава под еден основен услов да ги опфати нив како државотворен елемент.

Не донесувањето на законот за употреба на јазикот и писмото го повредува тешко правото на албанците за употребата и слободниот развој на својот мајчин јазик, ја спречува националната афирмација на еден етнички континуитет во Македонија, како што е тој на албанците. Единствено решение и можност за признавањето и приемот во Обединетите нации е рамноправноста на сите народи кои живеат во оваа држава. Секакво друго решение е импонирано за албанците и неприфатливо, бидејќи е спротивно со меѓународните документи и со човечките права кои ја осудуваат секаква форма на дискриминација. Познато е значи се знае прво, спрема внатрешното уредување на системот односно поредокот се насочува во надворешната политика и

Второ, надворешната политика е резултат на внатрешното нормативно право на системот.

Основните слободи и човечките права не можат да бидат надвор од националниот интерес затоа во Уставот на Македонија е неопходно не само да се одредува туку и да се гарантираат колективните права на албанската нација, дури тогаш ќе биде примена оваа Република во Обединетите нации.

Ве молам, немаме пријавени учесници во претресот.

Дали уште некој бара збор?

За збор се јави господинот Трајан Мицевски.

**ТРАЈАН МИЦЕВСКИ:**

Почитувано претседателство, дами и господа пратеници. Незнам зошто ние во овие две години се усложни таа работа а ние креваме олкава врева и паника околу признавањето на Македонија и македонскиот народ во Европската заедница и обединетите нации кога веќе само по себе си дојде, ние веќе сме признати од голем број Европски земји од држави во обединетите нации и сега што толку брзаме кога сите не признале на чело со Русија и голем број држави под името Република Македонија и сега за еден грст рака ние ќе го менуваме името зад кои стојат Обединетите нации, Европската заедница и Атлантскиот пакт. Зошто се плашат тие? Признавањето кај нас е веќе дојдено. Покрај од овие што сме признати отворени се повеќе конзулати. Признати се нашите пасоши од голем број држави и тоа од најголемите држави во светот Трговијата не е запрена само се базираме на помошта како и до сега во едноумието да одиме да ни даде некој. Никој не дава луѓе за признавањето, па и 5 пати да бидеме признаени, ако ние не ги засукаме ракавите да работиме, да создадеме производство, никој нема да ни помогне, секој ќе ти даде едно, а сака да земе три. Што одиме по таа основа, туку цврсто нашите колективи да работат и стопанството да оди нас квантитет и квалитет оти немаме пречки во производството зошто велиме дека имаме пречки единствено постоела некоја мала пречка со Грција, а ние моментално можеме да ја погребаме заради тоа што таа е отворена оди кај нас и тргува врви преку нас, а ние не смееме да појдеме таму. Зошто ние тогаш не го затвориме патот. И ние да се послужиме со итрина дека нашите цариници на граница штрајкуваат за плата и тоа 5-6

дена, па ќе ги видиш колку дена ќе издржат, каде ќе појдат, во Албанија, низ Бугарија, низ Унгарија, а нема друго место каде да поминат, тука е нивниот пат, без нас не можат да опстанат. Само изгледа друга е политиката кај нас и непризнавањето не оди кај нас од ваквата политика на Грција и што сме се свртеле само околу Грција, Грција, Грција, па таа си има прво ако сака го има ова, а може да го земе уште ова, па зошто да не го земе. Е, вие сте тие што треба да го браниме, а не да ни се фали г-динот министер вака Грција, како да ни се заканува со таа Грција во неговото излагање. Вака направила Грција, вака ќе го блокира стопанството, па што сме ние овде да не можеме да го блокираме нивното стопанство.

Понатаму, ми се чини дека Грција не крена голема врева во барањето кога требаше да бидеме признаени во пакет со бившите ЈУ-републики, Хрватска и Словенија, тогаш не сакавме да бидеме признаени, велевме чекајте не брзајте со признавањето, а за тоа сведочи потпишувањето на онаа Платформа Изетбеговиќ - Глигоров, која и ден денеска стои на дневен ред. Кај е таа платформа, а ние бараме признавање. Грците почнаа да креваат врева тогаш која се одржа тајниот состанок наместо претседателот на оди во Германија на договор кога, го викна Кол за признавањето кога сакаа да не признаат Италија и Австрија тој одржа таен состанок во Охрид и од тој ден почна непризнавањето на Италија, Австрија и ГЕрманија и од тогаш Грција почна да крева врева околу непризнавањето. Значи, таму го направија тројниот сојуз таканаречена "сила на осовината". Со патувањето на Милошевиќ со блиндираните коли тајно низ Македонија за Грција. Тоа не сакате да го кажете само кажувате дека Грција ни се заканувала, Грција ќе ни го блокира стопанството. Каде ќе бараме признавање кога господинот

III/9.-

министер во парламентот се изјасни дека суверена Македонија само после мене, јас сум Југословен и тој си поднесе оставка и во очи на една недовршена оставка бара признавање каде велеше дека треба да почекате дека сме ние уште за мини федерација со Југославија и се стопира признавањето и сега одиме по невеста бараме тапани.

Зошто се плашиме за менување на името на Македонија? Македонскиот народ го сочувал во најкризните времиња кога Турција владеела 500 години посакала со сите начини политички, економски потурчување, покрстување, и се и така остана Македонскиот народ тврд не го смени името, а сега ние да го менуваме името на тој народ кога во 500-тини годишно ропство и во бившо југословенско ропство и во бугарско ропство го сочува името и сега дали не е најголема срамота и дали не сте за анатемисување во ваква слобода, во ваква суверена држава ние да пристанеме сега да менуваме име . Нема сила и нема човек и никој не е овластен да менува име на друг. Јас сум сигурен дека ни една држава во Европа нема речено да го мените името, туку тука е друга дволична политика. Јас ќе ви речам вака ќе се присоедините со СРЈ,но вие ќе речете дека ние тоа го баравме. Се знае Франција што бара. До вчера се знаеше дека ќе дојде контингент од норвешки сили кои ќе ја донесат слободата, што се плашиме ние, зошто ги викнавме па ќе не бранат, зошто ги викнавте тука да дојдат, зошто се плашите од Грција еве сега идат 500 души французи наместо норвежани. Значи иститe се тие што проповедаат да бидеме со Србија пак се скрои клопчето наместо норвежаните дојдоа пак тие да ја сочуваат онаа бивша Југославија. Ми се чини дека тие пак одат под името на бивша Југославија Република Македонија. Но да се разбереме има име Трајан, а нема друго име. Јас не можам да имам времено име. Кое е тоа времено име што го има човек и што се занесуваме со такви илузии. Кој е тој што ќе го носи тој товар тој гнев, тој срам,дали има душа во себе, да го прекрстува целиот

III/10.-

македонски народ. Времено, какво е тоа времено име. Кое е тоа времено име. Дали е времено сега на Конго - Бразавил го смени името во Заир. Кој го вика сега Конго, никој не го вика Конго туку Заир. Цејлон го смени ИМРТП ВО Шри Ланка, кој ја вика сега Цејлон? Сите го викаат Шри Ланка. Сите мораат тоа име да го употребуваат да кореспондираат да гс:. употребуваат во трговијата. Утре кога ќе не регистрираат, што не лажат овие, под тоа име и тоа ќе си остане нема друго име. Нема сила која ќе го сузбие да одиме да правиме договори со привремено име. Какво е тоа привремено име. Кај е таа гаранција што ќе ни каже утре.

IV/1 пј/см

**ТРАЈАН МИЦЕВСКИ**: (Продолжение)

А зошто тие сакаат да го мениме ние името ако утре ќе го смениме и пак исто ќе дојде. Значи, тоа е ашиќере - лага. Значи, сега повремено, а утре ќе речат зарем пак ќе го добиеме името Македонија? Не, немојте вакви грешки за поситни министрите и владите си даваа отказ и се земани на одговорност и се анатемисани и прогонувани од земјата со вакви мислења за нацијата. А не овде да седат на комилото, на челото уште и да манипулираат со македонскиот народ кој на илјадници години уназад го сочувал ова име - Македонија. Сега ние ќе речеме бивша југословенска Република Македонија. Таа бивша југословенска република не постои повеќе. Со непостоењето, тогаш не постои и Македонија. Тоа со право утре ќе си речат тие што барате вие, немате повеќе, еве сте под ова име и ајде. Како што беше Вардарска Бановина и некој сега што седи во Белград да стане бан на Вардар.

Господа пратеници, се обраќам кон вас. Кога почна Грција да реагира за името господава мудрото раководство закажа сенароден македонски митин го Скопје под името "Да Македонија да". Значи, тука била играта, зајакот, со формирањето. Не излегоа тие што го формираа митингот и да зборуваат пред македонскиот народ, затоа што ќе се срамеа каде што обеќаа дека ќе се менат, туку го повикаа Владиката Михајло да зборува за "Да Македонија да". Тие се скрија. Значи еве ја играта како се одвиткува клопчето. Ќе се одвитка клопчето и да знаете овие луѓе македонскиот народ ќе ги анатемиса, ќе ги прогони. Не може да се помири Македонскиот народ со толку големо вековно име сега да го избришат неколку души. Точно е тоа дека е за пари Платформата, пак

ќе ја спомнам јас, не беше туку така скроена и не беше туку така кога велевте се буни ВМРО за референдумот, онаа додавка, а можно е припојување кон Србија. И ова постепено се остварува така под заштита на овие 10 што ќе дојдат тука французи кои вечито работеле за Србија и сега тие секако така ќе настојуваат и затоа ќе ни ја наметнат оваа работа и затоа ние веќе Македонија ја продаваме.

Господа пратеници, со непризнато име има многу земји во светот. И никоја ништо не и фалело. Ние сме доволно признати и со овие ние што сме признати можеме ако работиме паметно да го устроиме нашето стопанство да тргне во ред, доста ни се. Колку сме ние народ и што бараме,ние половина град со производството не можеме да го снабдиме, па ќе викаме меѓународно признаваше како да ни остана којзнае какви монополи непродадени да се суредат. Тогаш велевме не остана, не остана кој да ја продаде, Австрија се јави и за два три месеци еден град не можеме да го снабдиме. Ние имаме признавање. Ако не, не мора да не признаат. Зошто ние сега за ова да брзаме, заради тоа што да не признаеле да го менуваме името. Нас ќе ни дојде, верувајте од сите држави признавање само ако сме поштени и чесни. Зашто,јас колку што ја следам ситуацијата до каде што е појдено нашето мудро раководство никој не не призна, а каде што не бевме сите не признаа. Затоа, господа пратеници кој како сака јас не сакам да ве наведувам, ако вие така сте научени во едноумието како што ќе ви се рече од еден, а тој којзнае колку е паметен за цела Македонија, тој да ја носи таа одговорност, гласајте за такво предавство. Македонскиот народ ќе знае кој ја донесе таквата одлука. Затоа вие не сакавте да ви биде отворена седницата, заради да ги замаскирате оние предлози што се плаши со Грција и што се наведува. За да речат дека целиот Парламент се усогласи и ја донесе

оваа одлука. Значи, сите да учествуваат во манџата. Тоа не е така. Ние ќе си бидеме на страната дека оваа декларација што ја предлагаа, а кој знае дали тие ја предлагаат или овие му ја предлагаат на нив, ќе бидеме против таква одлука, такво признавање нас не ни е потребно. Не можеме ние да не бидеме македонци. Не можеме ние да се викаме бивша југословенска Република. Која е таа бивша југословенска Србија, таа е вардарската. Која е другата таа? Таа е Вардарска бановина, таму не терате да прифатиме. Зошто не ја прифатија Северна Македонија, зашто ќе се знае дека има и Јужна Македонија, и Западна Македонија, значи тука се прави некоја итрина, некоја ујдурма, се само колку да му се наштети и да се дојде на текот како што сакате вие да ја свртите воденицата за штета да го сочувате интересот свој, па макар и турци нека се викаат овие Македонци само ние да не се поместиме од кормилото. Затоа, господа пратеници повторно ве повикувам немојте да си ја грешите душата, бидете македонци, постојано се слуша овде, оти вие не сте поголеми македонци. Каде сте поголемите вие македонци да речете дека ова е Македонија и под ова име ќе не признаат. Ако не, не мора да не признаат и што со тоа ако не не признаат. Само овде е другата страница и таа се готви по секоја цена ние ќе бевме до сега ако немаше ваква игра, ќе бевме лепенка како Црна гора на Србија. Со ова би завршил јас и ве повикувам да не се дозволи менување на име. Која држава е хумана, која сака доброто на македонскиот народ, која сака да не има, таа е свесна и ќе не признае под ова име Република Македонија. Никаква извештаченост - име

**СТОЈАН АНДОВ:**

Господинот Анастасовски.

**МИТКО АНАСТАСОВСКИ:**

Драги пратеници, или господа пратеници и госпоѓи, јас немав намера да зборувам, но кога некој ме засега и некој го боцка волот со некое шило да ора убаво, тогаш сум приморан да зборувам. Мене ме чуди еден факт, зборуваме за нашата државност. Неколку дена, верувајте ми, размислував кои сме ние, сите овде и за што зборуваме. Дали да бидеме признати и да не бидеме признати. Дали да бидеме под некое име или под некое туѓо име. Луѓе, ве молам ова име мене ми е незгодно, затоа што сум јас тој што беше и дедо ми и прадедо ми. Јас сум Македонец. Меѓутоа дефакто во оваа земја се родени и други народности, малцинства или групи од народ, кои живееле на овие простори кои се викаа Македонија. Да зборуваме сега каква придавка ќе и дадеме на таа земја. Со тоа би направиле една историска грешка, која никој нема да ни ја прости. Јас не сакам да ја повторувам историјата, затоа што убаво ја познавам историјата, се мачел во таа земја која беше моја, а сега е туѓа, која насилно или под благослов некој му ја подарил или ја зел е важно. Тоа е многу важно, но меѓутоа, да кажам дека јас не сум Македонец или сум југословенски македонец или сум незнам каков македонец, тоа за мене е многу ниско. Кога може гркот каде и да живее да се каже македонец, било од која националност, зашто и Грција не е само Грци, таму живеат и други националности, но надвор од својата земја се кажуваат грци. На никого тоа не му пречи. Исто така и ние да дискутираме за некоја придавка која не е своинствена на овие луѓе кои живеат во оваа земја, тоа е рамно на злочин. ние не еднаш откога влеговме во овој Парламент сме донеле декларации, референдуми, устав и сме ги доставиле во сите органи и организации за меѓународно признавање и никаде не сме придале некоја придавка туѓа од нашето име. Сакале или не сакале ние треба да имаме добрососедски односи

како што сме се декларирале со сите балкански и вонбалкански држави. Тоа никој не може да ни го порекне. Сите луѓе во оваа држава која не се створи сега, но е створена пред многу векови беа мирољубиви и беа луѓе кои наидувале на разбирање кај соседите. Европа и светот ќе не прифати какви што сме, а ние знаеме што сме. Ако ние самите си копаме и си фрламе земја врз себеси, тогаш малку Европа и светот ќе се предомислат. Мене тоа ми личи, јас сум гледал и волови, јас сум од едно семејство кое беше и земјоделско, воловите кои ќе најделе крв таму или незнам што ќе најделе, ќе копале и ќе си фрлале земја, ќе се валкаат. За да не ја извалкаме оваа земја, се обраќам до овој Парламент и до политичарите кои ја водат оваа наша држава треба да имаат предвид едно. Дека оваа држава не се створи во 1944 година, не, а убаво сите го знаете господа, госпоѓи и госпоѓици. Таа држава се створаше многу, многу порано. Тоа име беше признато уште во времето на Вавилон, персијанците итн. А во оваа земја не живееме само ние и тоа ќе го потврдам и ќе го повторам. Живееле разни народи, народности и малцинства и групи од народот. Но, беа обединети кога ја водеа борбата за својата самобитност беа единствени. На крајот на 2000-та година некој сака да ни даде една придавка, не е измислена, сакав да кажам измислена, но не е измислена, некоја придавка која ќе не обврзува да го изгубиме сите ние легитимитетот како луѓе во оваа држава.

V/1.- ЈМ/ЉР

**МИТКО АНАСТАСОВСКИ**: (продолжение)

Јас не знам кој им го дал тоа право на тие луѓе? Ако е така, ако не е така, времето ќе докаже. Губиме две работи. Прво, ако се додаде придавката која јас не сакам ни да ја спомнам, затоа што имам многу лоши спомени од такви придавки, тогаш губиме легитимитет како држава и второ влегуваме во јаремот на некоја друга, или трета држава. Го сакате ли вие тоа? Јас верувам дека никој не го сака . Но, сакале или не сакале, утре Европа ќе каже тој Парламент на независна и слободна Македонија го изгласа и го прифати. Историјата и архивите се отвораат после 20 или 50 години. Зарем треба овие луѓе во овие простори да чекаат да се отворат архивите после 30, или 50 години. Мене ми се чини дека тоа не треба. Архивите ќе се отворат денес кој што ја сака оваа земја, кој што ја сака оваа независна и слободна Македонија. Реков да не зборувам за историјата. И Европа и Америка и Азија и Африка каде да одиш кога ќе кажеш Македонија, знаат која е. Ако кажеш Грција, Србија, Бугарија, не знам некои студенти ќе речат не знаеме каде се наоѓаат. Значи, под легитимитетот на таа држава ние сме сите познати во светот. Оставете ја теоријата на партиите, оставете ги програмите на партиите. Денес зависи дали ние ќе бидеме тие кои сме, дали ќе бидеме живи, или мртви, дали ќе бидеме ставени меѓу живите, или мртвите. Никој нема да не стави во мртвите ако самите не сакаме да умреме. Јас да ве прашам која држава во светот, некој тука спомна Конго, па стана Заир, па не знам што? Јас ќе ви кажам ред држави кои не биле држави, колонии, островчиња, а станаа држави. Но, жално ќе биде за Македонија сега ние да бараме државност, и да менуваме. Не, г-да, тоа право го нема ниту овој Парламент, го нема претседателот на Републиката, ниту претседателот на Републиката е овластен од овие народи кои живеат

V/2.-

тука  ниту министерот за надворешни работи, ниту никој од нас. И Грците и другите држави околу нас ќе не прифатат такви какви што сме. Затоа што ние сме се декларирале и во Уставот и во другите документи дека немаме никакви територијални претензии спрема никого. Според тоа, што треба да правиме ? И кој го овласти некого да не претставува такви какви што не сме. Ќе ви кажам уште една работа, едно време со г-динот Ханџиски,нека ми извини од оваа говорница јас му реплицирав кога Ханџиски го прескокна периодот од 1913 до 1919 година. Се збаво течеше, јас сакав да му ракоплескам но 1913 и 1919 година ги остави на страна. Ја остави таа вештачка творевина која под благослов ги погазивме сите жртви и кога под благослов на некои европски држави се подели тоа црвено јаболко на 3 или 4 делови. Времето докажа дека творевината Југославија е створена под благослов на некои сили тогаш 1913 - 1919 година. Времето докажува дека тоа беше погрешен потез, не сакам да ми реплицирате, затоа што не сакам да навлезам во полемика. Денес времето докажува друго, дека сите држави кои имаат држави и ги почитуваат правата на луѓето во државите и ги почитуваат нивните земји ќе ја почитуваат истовремено и наш ата држава. Но, ако ние манипулираме со државата како државници и како претставници на оваа држава, тогаш ќе речат: овие не сакаат држава и некој ќе користи.

Ќе ви поставам уште едно прашање кое и на самиот себе си го поставувал многупати, дали Албанецот некогаш ќе си ја остави својата татковина и ќе рече дека "јас сум албанец - србин, или албанец македонец,' или бугаринот ќе рече: јас сакам да бидам македоно - бугарин или србинот ќе рече јас сум србо - бугарин, или Германецот ќе

рече  французо-германец. Јас не сакам никој да ми сугерира, затоа што јас ќе кажам зошто не сакам никој да ми сугерира, дека никоја држава нема да дозволи да и се даде некоја придавка и како таква да биде преставена во ОН, или во било кои организации во светот. Историјата ја покажува и силата и самобитноста на една држава, историјата ги покажува и последиците на една држава и на едни луѓе кои живеат во таа држава, а кои живееле во некси системи кои беа угнетувачи . Ако ја率земеме историјата од цар Александар Македонски до битката на Беласица...

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам, ако може поблиску до ОН.

**МИТКО АНАСТАСОВСКИ:**

Јас сум многу блиску до ОН, затоа што од овде треба да разберат сите луѓе како се ствараше таа држава. Затоа што сите книги сега ќе му одговорам на претседателот на Собранието сите книги кои ги пишувале на било кој јазик во оваа земја нашата историја беше прикриена и направен урнебес. И сите востанија после што се случуваа во разни периоди против Византија, против турците итн. доведоа до оваа трагедија во која сме сега ние и доведоа до меѓусебни расправии. Значи, затвори, убиства, интриги предавства за да може да владее извесна класа, еден дел на луѓе кои мислеа како роботи дека така требало да биде. И дојде крајот на XX век да се свестиме дека тоа не требаше да биде така. Господа и дами, затоа што се наоѓаме во прекретница да бидеме такви какви што сме, или да не бидеме. Омразата ќе се исфрли од луѓето само ако се осетат слободни во една држава, единствена држава, а таа единствена држава му ги гарантира сите права на сите луѓе кои живеат тука. А таква држава бараат сите луѓе кои живеат на овие простори.

V/4.-

Мојата партија на која и припаѓам и која во времето ја отварав, сослушајте ме убаво даде многу жртви во времето. Мојата партија е партија каква што се ствараше во времето на Илинденското востание во кое учествуваа и други народности и други луѓе. Немаше ништо против народите кои ја водеа борбата за ослободување на Македонија. Остана иста и во нашите принципи, во нашата програма , во нашите цели јас ве уверувам дека ние тоа дело го продолжуваме. И нека светот како што не сфаќаше во времето, нека светот благонаклоно па прифати нашата волја, ја прифати нашата желба, ги прифати нашите молби да не ни го смени името. Секое менување на името носи страшни последици. Не се служам со метафора, се служам со една голема вистина која можеби ќе има одраз на нашите идни поколенија. Нека господ не чува , нека Господ ни даде памет, накај Господ ги благослови овие простори кои се полни со коски,и со мачења и нека светот не прифати такви какви што сме.

**РИСТО СТАНКОВСКИ:**

Почитувано претседателство, почитувани пратеници, пред да почнам да дискутирам за она што е на дневен ред, односно стриктно за информацијата за приемот на РМ во ОН, би сакал да се осврнам и на моментот за начинот како оваа седница дојде и зошто е ваква сега, односно од јавен карактер, а не е од затворен тип како што на почетокот се претполагаше.

Прво, ценам дека оваа седница требаше да биде од затворен тип ценам дека доколку постоеше интерес кај сите да се расправа конструктивно околу самите активности за приемот на Република Македонија, секако ќе имаше интерес да се знаат повеќе информации од она што денес ни е понудено. Оваа Информација "што денес ни е понудена од прилика го кажува она што веројатно и сите го знаевме

преку средствата за јавно информирање и практично ништо ново, барем јас не најдов од она што и досега го знаев. Секако мислам дека ќе беше многу попродуктивно доколку седницата беше затворена и доколку имав ме и додатни информации, ќе можевме да дискутираме секако многу поконструктивно, па можеби и да предложиме некои додатни, или идни насоки во водењето на нашата надворешна политика. Меѓутоа, се одлучивме на овој чекор седницата да биде јавна што од прилика ни зборува дека не била целта на оваа седница да се разговара за надворешната политика и евентуално да се даваат нови конструктивни предлози, или избори на нови патишта во водењето на таа политика, туку едноставно целта била повторно на народот да му приредиме една циркузијада, еве два-три дена да го малтретираме со дискусии кои што веќе се видени многу пати пред тоа и дека практично она за кое што најмногу требаше да разговараме, или она што можеби е државен интерес пракично во овој случај мислам дека ќе биде контрапродуктивно. Имено, беше заговарано дека не можеме да имаме затворена седница, повторно народот по некакви стари социјалистички теркови го плашиме со надворешни непријатели и сл. Прво, што ценам дека илузија е ако некој мисли дека Македонија нема надворешни непријатели. Она што Грција го прави спрема Македонија, јас лично не го сметам за пријателство. Ако некој го смета тоа за пријателство, тоа е негов проблем. Меѓутоа, тоа никако не може да се смета за пријателство. Ако она што српското актуелно раководство го прави спрема Македонија некој го смета за пријателство, јас исто не можам да го сметам за пријателство. Друга причина е тоа, односно друга работа е ако некој на Табановци се љубеше со Парошки и можеби се согласуваше со нивната политика, меѓутоа официјално сметам дека ние не можеме да прифатиме таква политика што се води. Исто така, не сум ни баш

најсигурен во искрените намери и на Бугарија посебно на овие изјавите од нивниот премиер Беров, а и самиот факт дека Албанија сеуште не не признала исто така создава сомневање во нивните најискрени намери. Секако дека имаме непријатели и дека не би требало за сите овие проблеми, посебно за креирањето на надворешната политика во која што како државни функционери секако дека треба да учествува и овој Парламент, би требало да разговараме, меѓутоа не на отворен начин, пред цел свет да кажеме што мислиме ние и како ние мислиме да ја водиме целата политика. Меѓутоа, без разлика на сето тоа, јас ќе се обидам да бидам конструктивен и да дадам некои мои размисли околу водењето на целокупната надворешна политика.

Прво, и основно штоп би сакал да кажам за досегашната надворешна политика ценам дека од ден на ден имаме некаков напредок во поглед на признавањето на Македонија. Можеби и прифатил дека еве, имаме грешки во водењето на таа надворешна политика меѓутоа иако до сега имавме повеќе пати седници на оваа тема, јас барем до денес не сретнав ниеден конструктивен предлог на кој начин понатаму да се води таа политика, освен со личните напади врз одредени личности од македонското раководство не дојде ниту еден предлог како понатаму да се води, кој пат да се фати, или какви правци понатаму да заземеме околу тоа. Според тоа, и денеска би било можеби најзгодно да се понудат нови решенија. Можеби имаше некои повици за некакви радикални промени во водењето на надворешната политика меѓутоа што се подразбираше под тие радикални промени, јас не можам да сфатам и што значат радикални промени во тоа, освен што ми влева некое сомневање дека големиот радикализам на овие простори може да донесе многу непожелни состојби. Затоа ценам дека сепак до сега политиката што беше водена, прво е во склад со сите акти, заклучоци,

декларации што ова Собрание ги има донесено за водењето на надворешната политика. Ценам дека не е воопшто скренато од она што беше прокламација на овој Парламент во водењето на политиката, а исто така ценам дека и оперативниот дел кој што требаше да се развива врз база на тие заклучоци, или ставови на ова Собрание се одвиваше можеби малку отежнато, меѓутоа секој пат имавме една нагорна линија. Може само да спомнеме дека почнувајќи од првобитниот момент кога дојде проблемот со признавање на сите бивши југословенски републики Бадинтеровата комисија за Македонија се изјасни најповолно. Ние бевме единствени со Словенија кои што така да речам добивме правна виза за признавање. Понатаму дојде онаа несреќна Лисабонска декларација, меѓутоа сме сведоци дека таа Декларација веќе е побиена и не е прифатлива од никого. Според тоа, секако дека има напредок и дека ете одиме по еден нагорен пат иако можеби веројатно и сите очекувавме дека нашето признавање ќе дојде исто онака како што дој- де да речеме за една Словенија,или за една Хрватска и можеби и да не беше противењето на Грција ќе се случеше тоа. Факт е дека еве една држава го оспорува ова наше признавање и до ден денеска ценам дека тоа е и единствената пречка што не сме признати. Всушност познато е во историјата и други ситуации кога одредени држави се спротивставувале на приемот на други држави како што е на пример случајот со Тајланд и Кина, меѓутоа заради некои политички моменти, заради политички интереси е доаѓано до одложување на тоа признавање што сепак ценам дека во нашиот случај ќе дојде и тоа веројатно може- би не толку брзо колку што очекувавме, меѓутоа секако ќе дојде тоа е неспорно.

**РИСТО СТАНКОВСКИ**: (продолжение)

Она што исто така мора да се спомне денеска зошто рас- права за промена на името. Прво, во овој момент добивме декларација од пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ во која што бара ООН Република Македонија да ја прими во членство на ООН со нејзиното име и постојните граници. Прво зошто ова барање, кога и официјалното барање испратено од ООН е така наловено. Република Македонија бара да биде примена во ООН. Зошто повторно да имаме со декларација дека бараме да бидеме примени. Мислам тоа влева некоја несигурност, дека некој не е сигурен во нешто. Ние си имаме официјално барање каде што бараме да бидеме примени под името Република Македонија и ништо повеќе. Тоа што можеби некој оперира со други имиња, колку што јас знам до ден денеска официјално од Република Македонија никој од неа не побарал да го промени името. Кога официјално ќе добиеме таков акт, ако добиеме, тогаш ќе разговараме за таа работа. Засега секакви разговори на тема за промена на името се илузија и мислам дека создаваат некоја несигурност, барем кај оние што така размислуваат. Јас лично не гледам ниедна причина да разговараме за промена на името.

Второ, ако веќе разговараме декларација, јас ве молам ние имаме Устав кој како правен акт е многу појак од декларацијата. Декларацијата е само израз на некоја политичка волја. Уставот е празниот акт во кој што јасно и децидно е зацртано ние сме Република Македонија со тие и тие граници. Таму е се толку јасно, од каде сега потреба за повторна декларација. Уставот е по мене илјада пати појак акт од декларација. Затоа и незнам зошто доаѓа таков акт во моментот. Затоа мислам дека апсолутно оваа тема за промена на името нема логика, нема причина зошто да биде разговарано. Она што мислам дека во овој момент треба исто така да се спомне, е можеби еден апел кој сите треба да го упатиме за тој национален консензус за заедничка акција околу признавањето на

Македонија и можеби за евентуални измени во надворешната политика, меѓутоа да бидат кажани што се бара. Не може само да се зборува ова не чини, тоа не чини, а како да се води политиката останува недефинирано. Затоа можеби и треба на внатрешно поле една поголема активност од сите политички партии, од сите субјекти за надминување на проблемот околу признавањето на Република Македонија. Меѓутоа, на крај генерално мора да се каже дека без разлика на сите пречки што ги имавме, проблемот на признавањето на РМ оди кон нагорен пат и мислам дека во скоро време Македонија ќе биде признаена и оваа политика која досега се водеше ќе биде правно верифицирана.

**ТОМИСЛАВ СТЕВКОВСКИ:**

Јас сакам само да ве потсетам на информацијата која што ние е поделена и ќе прочитам само две реченици од страницата 5 во врска со писмото на претседателот на РМ, господин Киро Глигоров кога побара од генералниот секретар Бутрос Гали испраќање на мировни сили на ОН во Република Македонија. Барањето на генералниот секретар на Советот на безбедност на 11 декември 1992 година донесе резолуција СБ значи седум,девет пет од 1992 година со која се воспоставува присуство на Упрофор во поранешната Југословенска република Македонија Од тука само му кажувам на претходникот дека декларацијата што ја под. несе пратеничката група е токму да се спречат ваквите настојувања и во зародиш да се пресече секоја дискусија во ОН за било какво друго име, освен РМ. А веќе имаме и УМПРОФОР во Македонија на база на преќутна согласност за промена на името.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Ова не е процедурално.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Кога сме веќе кај манипулации ова беше манипулација што претходно се случи.

Почитувани пратеници, Република Македонија веќе една ипол до две години се развива како независна самостојна држава со сите свои мании и предности. Во тие рамки се развива секако, и ново создадената македонска дипломатија. Нејзиниот развој, успеси и неуспеси мораме да ги набљудуваме во рамките на општите околности во РМ. Затоа можеби е нормално што таа ги преживува своите први чекори со разни реакции, од незадоволност, преку умереност во оценката за нејзината работа, па се до целосна задоволност од нејзината работа. Но веднаш да кажеме дека ние не можеме да очекуваме ништо, не можеме очекуваме нашата надворешна политика и нејзините протагонисти, тоа секако дипломатијата, да не бидат одраз на целокупната наша состојба и околности во републиката во која живееме- Ние не можеме од неа да бараме таа да биде безгрешна, ниту идеална, особено не можеме да бараме да биде супериорна во однос на другите дипломатии и држави, затоа што едноставно никој од нас не е тоа. Впрочем, ние една политичка партија на пример споредбено со други во светот и особено во светот не е идеална, ниту супериорна, ни поискусна, такви не се ни нашиот парламент, тоа се потврдува и денес, не е ни Владата ни пак некоја друга институција во Републиката. Особено ова се однесува за нас самите во Собранието кое е далеку од идеално и супериорно и постојано тоа го бара од другите институции во државата. Или дури ако сакате како можеме да ја замислуваме нашата надворешна политика и особено дипломатијата млада, нецелосно оформена и во зародиш, од аспект на градењето на стратегијата и тактиката, а да не земеме предвид дека таа во светот мора да претставува една држава која не е ни економски ни технолошки, ни кадровски, па ако сакате ни историски ни

воено супериорна, ниту пак идеална. Дипломатијата не може да го покрие нашето нецелосно работење во Република Македонија. Таа не е крива ниту виновна, што кај нас сеуште не се започнати промените во економската сфера, што не се довршени политичките промени итн. За тоа сме сите сами во ова Собрание виновни. Дури напротив, и она што ни е доставено до Владата ние не сме спремни да го донесеме. Само ќе потсетам, пакетите за судството, приватизацијата, локалната самоуправа, лични карти итн. па дури и баналните акти за симболите на РМ. Во оваа позиција е многу тешко дипломатијата сето тоа да го објасни во светот и да бара од државите разбирање за нашата ситуација и се оди дури и до такви апсурди што неретко се случува на- место ние најодговорните од највисоките државни органи, да и помагаме на дипломатијата, да го правиме токму обратното и да и одмагаме, па таа да мора да ги вади врелите компири од жарта што ние ги даваме и да објаснува очигледно неодговорни изјави и намери од РМ. Таквата дипломатија нема таква моќ. Ова најмногу се случува со постапките на некои политички партии кои со своите тврдења најчесто и одмагаат и тоа многу директно на целата работа. Јас ќе наведам примери. Република Македонија не заслужува признавање заради непочитување на човечките и малцинските права. Или, РМ сеуште егзистира со комунизмот. Или на власт се просрпски државници итн. итн. Овие изјави често се прават и во странски средства и пред странски политичари и државници. Сега јас отворено прашувам дали дипломатијата успешно може да ги одбива на пример нападите од дипломатијата на нашиот јужен сосед, ако истите квалификации и подметнвуања доаѓаат и од внатре и за жал, од ниедно друго место освен од внатре и од Република Грција. Дали се прашуваме во каква положба е доведена една млада дипломатија без комплексно и интегрално искуство во таа сфера и уште со вакви подметнувања. Во тие услови таа мора заедно со сите нас да се

бори за прием во ООН за што и денес говориме . Но во какви околности дојдовме до самите ОН. По ситуацијата кога конференцијата за европска безбедност и соработка беше во неможност да ги реши проблемите во бивша Југославија, па ги препушти на Европската економска заедница, кога по добро познатите настани и ЕЕЗ влезе во познатиот ќор сокак со нашиот таканаречен случај, тој истиот стигна и до ООН и до Советот за безбедност. Веројатно е сосема јасно дека за разлика од Конференцијата за Европска безбедност и соработка и од ЕЕЗ кои се помали форуми и тела, оваа институција, мислам на ООН е најтромова најспора во решавањето на сите проблеми, вклучувајќи го и проблемот на нашиот прием во членство на ОН, затоа што постои процедура, постојат консултации, постојат интереси и тоа не само на соседните држави, не само на дванаесеттемина на ЕЕЗ, ниту пак само на Европа, туку интерес на од прилика 17 0 членки во ОН или повеќе или помалку за некоја. Во целата ситуација ние влеговме и во отежнителни околности. По заострувањето на ситуацијата на ЕЗ, ќе потсетам на декларациите од Лисабон и на договорот од Мастрик кој ја обврзува ЕЗ на политички интегритет и поларизација на расположението во ЕЕЗ и светот. Ние практично во овој момент во Шујорк во ОН го носиме црниот товар на дванаесет месечното тормозење, аргументација и контрааргументација на членките на ЕЗ и на некои наши соседи кои не се во ЕЗ. Факт е дека од тој товар тешко дека ние ќе се ослободиме, особено имајќи ја предвид состојбата дека светскиот поредок влезе во фаза кога во една држава со своето силно инсистирање може да ги блокира сите останати држави во светот. Ова пред се, ако се работи за Грција со такво дипломатско искуство, со сопствено членство во ЕЗ, како една од најмоќните интеграции во светот и бројните традиционални пријатели и лобисти кој ги има во светот. Патот од Комисијата на господинот Бадентер од 15 јануари до денес е навистина контроверзен и динамичен, Постоеја и

неуспеси и успеси. Од шокот дека ги исполнуваме условите до одлуката дека Словенија и Хрватска ќе бидат признати, преку задоцнетото признавање на веќе воено опожарената Босна и Херцеговина и нашето повторно задржување од признавање. Понатаму следуваше Лисабонскиот шок и патот на неговото ублажување на самитот во Единбург во декември 199 2 година. Тоа се навистина драматични процеси, но дали тие процеси за нас се неуспех или успех. Оценката сигурно не е црно- бела. Имаше неуспеси, но кој се од нив од објективни, а кој од субјективни причини, веќе за тоа говорев и понапред. Но сепак треба да се додаде дека се успеа по дипломатски пат од нашата дипломатија со сите нејзини протагонисти кои ги имаме во нашата држава, се успеа на 15 април 1992 година, со дипломатски средства да се повлече од РМ во тоа време една армија која беше под контрола на странска држава. Се успеа да се избориме за сопствено признавање од страна на девет држави, меѓу кои и многу значајни држави, успеавме да бидеме зачленети во меѓународни, пред се фомамсосло омстотицоо. Да бидеме третирани како држава при нашите посети во странство, иако непризнати. Добивме многу значајни гаранции за суверенитет и интегритет на државата од некои важни држави , како што се на пример САД и веројатно дека има уште многу вакви примери. ЌЕБС има мисија во Македонија, имаме посматрачка мисија на ОН, Лисабонската декларација постепено се напушта за што и предлозите од седиштето на ООН веќе јасно говорат за тоа и секако, дека е потребен и чекор напред. Сакам да укажам дека а ко се што е негативно се препише како неуспех на дипломатијата, тогаш мора и се што е добро да и се препише неа, доколку се работи за односи со други држави и тоа не треба да го заборавиме. Во тој биланс сепак ние постоиме, живееме во тешкотии, но релативно мирно и се подготвуваме за понатаму.

VI/7

Што се однесува до самиот прием во ООН, јас не очекувам и овој процес да биде лесен. Тој веќе е исполнет со низа нејаснотии и препреки кои произлегуваат од ставовите на Грција и некои други членки на ЕЕЗ, а всушност се работи за став токму на таа ЕЕЗ, поттикната со правото на вето од Република Грција. Тука е навистина тешко да се пробие внатре во ЕЗ и да се остварат своите интереси, особено ако една од дванаесетте членки тврди дека наводно, тоа е против нејзините национални интереси, а знаеме дека Република Грција го издигна прашањето на името на нашата држава, на ниво на сопствен национален интерес. Од таа позиција ни се наметнуваат и идеи и предлози кои се многу блиски до неприфатливи. Сепак, мора да се оди и понатаму. Ние мора да инсистираме и до крај нашето барање и формално да дојде на дневен ред. Секојдневен и упорен притисок врз ООН, односно во овој момент врз Советот за безбедност е можен. Можно е и одлагање и затворање на очи пред ова барање. Но, до кога? Поминаа неколку месеци.. Можеби треба уште толку. Но совеста и самите акти на ООН не можат да дозволат бесконечно одолговлечвуање со нашиот предмет. На таа карта мора да се игра и тоа мошне тешко и мошне упорно. Но и покрај тоа, гаранции немаме, што сепак,не не одвраќа од помислата за оптимизам. Петте постојани членки не можат да преземат веројатно толку голема одговорност за сопственото вето и тоа да го образложуваат пред светската јавност, исто како што не можат бесконечно да одолговлечуваат со постапката за нашиот прием. Нашата упорност во овој случај мора да вроди со плод. На наша страна се и аргументите, и реалноста. Па ако сакате нешто што во политиката и нема смисла и тоа на наша страна е и правдата како таква. Покрај овие активности нам ни се потребни се разбира, и нови иницијативи. Патот од ЌЕБС и ЕЕЗ до ООН, не е нашата последна можност. Имаме многу нови видици. Во тоа

сум уверен. Европа, и особено ЕЕЗ можеби и можат да бидат прескокнати, во одреден временски период, се разбира не трајно, во вон европски земји и земјите од таканаречениот трет свет. Јас сум убеден дека во нашата дипломатија и во нашата меѓународна активност се потребни и нови иницијативи. Пред се, иницијативи на- сочени кон земјите од Азија, од Африка, од Јужна Америка. На пример реонот на државите од бившиот Советски Сојуз, кој се наоѓаат во централно азискиот регион, се под влијание политичко, економско и друго, и на Турција како една од лидерите на исламскиот свет и на Русија како од лидерите на бившите советски држави. Нашиот дипломатски притисок во насока на Турција и во насока на Русија, кои нас не признаа, може да вроди со плод, од аспект на признавањето токму на овие држави, кои се под нивно влијание во централно азискиот регион, а се од бившиот ССР. Зошто да не се обидеме со такви иницијативи и во Африка и во Јужна Америка, каде што егзистираат голем број на држави. Убеден сум дека бројот, односно квантумот на земјите кои не признале, може, и мора да се зголеми на дваесет, триесет, педесет. Мислам дека тоа може да вроди плод и да создаде притисок врз развиените земји и особено врз земјите од Северна Америка и ЕЕЗ. Во таа насока можеби е потребна и нова иницијатива. Убеден сум дека ООН поинаку резонира со држави кои се признати од 8, 9 и 20, 30 па и повеќе држави, без разлика на нивната големина и нивното економско, политичко предо. Такво искуство ние како Република имаме и во односите со овие земји не треба да го занемариме тоа искуство кое сме го граделе повеќе време.

VII/1.- JJ-ВБ

**ЕФТИМ МАНЕВ:**

Почитувани пратеници, ќе се обидам да бидам сосема краток, бидејќи излагањето на господинот Денко Малески, министер за односи со странство по однос на активностите околу признавањето на Република Македонија, односно приемот во ОН, беше сосема јасен и конкретен. За сите нас како и од излагањето на министерот неспорен е факт дека признавањето на Република Македонија како и приемот во ОН така и пошироко од државите во светот е тежок. Исто така, ни се познати причините, што понатаму? По однос на активноста на Владата односно на ова Министерство ми се чини денеска не би требало да има поголеми критики затоа што може само да не одведе во едни подолги дискусии без резултат. Доколку такви оценки произлегуваат од таквата состојба неминовно е по однос на Уставот да одиме по еден друг пат. Ако Парламентот или група од пратеници кои што ќе изоцениме доколку таквата активност не задоволува, патот е барање доверба на Владата или интерпелација за поедини министри. Мене ми се чини дека покрај тоа што постојат безброј надворешни причини за признавањето на Република Македонија, пошироко и од поголем број држави, а не лежи само во тоа што Република Грција врши силен притисок, сепак, голем дел од тоа лежи и внатре во нас.

Јас би се задржал на еден друг дел, бидејќи надворешната политика не зависи само од активностите надвор, зависи и каква внатрешна политика има една држава. Република Македонија ми се чини дека и на внатрешен план ништо не е подобра во полити- ката како што е и политиката на надворешен план. Што понатаму? За да би тргнале, за да би излегле од еден ќорсокак, мора да се свртиме најнапред на внатрешните проблеми. Јас длабоко сум убеден доколку се случи утре

да не признаат ОН, состојбите во Македонија ќе бидат исти. Да не очекуваме ние со првото признавање на Република Македонија дека во Македонија странскиот капитал ќе дојде веднаш. Тој ќе чека уште многу време. Ќе чека се дотогаш додека Република Македонија не биде подготвена за тоа. Сеуште не сме донеле ниту еден закон со кој што би овозможиле услови на влегување на странски капитал било од странски банки или посебни претпријатија кои би сакале да соработуваат во било каква форма со наши претпријатија. Не е решен статусот на нашите претпријатија. Не е решена имовината, односите не се решени. Ние немаме платен промет, закон за платен промет, даночна политика. Се е нешто оставено на страна и ние како исклучиво да се спремавме на надворешен план да бидеме што побргу признаени. Како не би одземал време, по се ова јас би предложил неколку мои размислувања.

Ја примив сега Декларацијата од Партијата ВМРО-ДПМНЕ што предвремено, пред да ја примам исто така,и јас за такво нешто размислував. Еден од пратениците сметаше дека е тоа непотребно бидејќи постои Меморандум доставен од претседателот на Републиката. Токму оваа Декларација ќе го ојакне тој меморандум, бидејќи и Собранието има такво размислување, а исто така излагањето на господинот Денко Малески укажа дека постојат интенции од државите на ЕЗ членки на Советот за безбедност, Република Македонија да биде призната како поранешна југословенска Република Македонија. Сето тоа со оваа Декларација сакаме ние да укажеме и да го ојакнеме Меморандумот дека Собранието на Република Македонија нема намера да расправа дополнително кога тоа име ќе биде понудено како такво. И дека Република Македонија цврсто останува на своето име како што е напишано во Уставот.

Покрај таквата Декларација јас имам едно размислување, по оваа Информација да донесеме и заклучок со кој Владата на Република Македонија ќе ја обврземе до крајот на месец февруари да подготви Информација за внатрешните состојби, за внатрешната политика на Република Македонија со програма, како ние понатаму. Мене ми се чини дека ние продолживме и во 1993 година како и во 199 2 година. Си создаваме материјал на седници со точки кои не вродуваат со никаков плод. Секој ден ние пропаѓаме, господо пратеници и почитувани министри и потпретседатели на Влада.

**КИРО ПОПОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, Иницијативата за разгледување на оваа информација за активностите за приемот на Република Македонија во ОН, на прв поглед може да се оцени како тековна, рутинска изразена потреба која почна во изминатиот период тоа беше редовна практика во расправата во Собранието. Меѓутоа, веќе првите реагирања и атмосферата што се настојува да се создаде наметнува потреба можеби и од поширока расправа и секако доколку е можно, а јас сум убеден дека можеме и да постигнеме договор и да бидеме единствени во активностите што ни престојат на овој план во наредниот период.

Затоа ценам дека на тоа треба да биде дадена и основната поента на денешната расправа. Во таа функција би се осврнал на неколку основни точки во својата дискусија. Меѓутоа, најнапред и прво би сакал позитивно да ја оценам самата иницијатива за денешната расправа. И покрај тоа што верувам дека таа ќе имаше порационален, попродуктивен тек доколку благовремено беше иницирана од страна на Владата и на Министерството за односи со странство.

Кога ја изнесувам оваа оценка, поаѓам од фактот дека се работи за информација за тековни и прелиминарни активности во врска со молбата и постапката за прием на Република Македонија во ОН, за што ова Собрание има изградено јасни политички ставови, па според тоа, можеби и доволно ќе беше информацијата да беше проследена само до соодветните тела на Собранието, а Собранието расправа да води откако ќе добие соодветно официјално писмено обраќање од Советот аз безбедност на ОН и неговите тела во постапката по нашата молба и за наше учество во неа.

Истовремено, веднаш би сакал да го изнесам своето, а едновремено и мислењето на пратеничката група на Социјалистичка партија, несогласувањето со одделни оценки што се изнесени во Иницијативата со кои благоречено се изразува сомневање па и укори до претседателот на Републиката, односно Владата наводно дека веќе неовластено дале согласност односно прифатиле ново име на Република Македонија. И сето тоа се прави без било какви аргументи во стилот на толку познати примери, не само во нашата поранешна историја, туку и денеска, прогласување или изнаоѓање на предавници издајници на македонската кауза,или во функција на внатрешни делби, конфронтации меѓусебни сомневања, исто така позната во историјата практика што секогаш била своина на антимакедонските сили, кои верувале дека само врз македонскиот раздор можат да ги остварат своите големи државни националистички цели. Или како што рече еден од бројните странски гости деновиве во нашата Република, инаку добар познавач на приликите на Балканот,при изразувањето на својот восхит кон нашиот народ, тој како што изнесе, со векови бил под туѓо ропство, потиснуван и денационализиран, кој бил делен и разделуван и од сите соседи поробуван и ограбуван и однародуван но кој секогаш како феникс

повторно се јавувал со својата исконска желба и стремеж за сопствено национално самопотврдување и создавање на самостојна и суверена држава, меѓународно признава како рамноправен субјект на заедницата на народи и држави. Со ова ќе се согласите дека по прашањето на меѓународното признавање на Република Македонија и покрај тоа што не постигнавме формален национален и политички консензус, тој фактички и суштински беше остварен и не само во Парламентот туку и меѓу сите партии во него. Потврда за тоа е единствената Платформа, прифатената Декларација за сувереноста, Референдумот, Уставот, единствено изразените ставови и заклучоците по повод расправата за Лисабонската Декларација за Европскиот самит во Единбург, молбата за прием во ОН итн. итн.

Потребно е за мене, по прашањето за меѓународно признавање на Република Македонија не може да постои позиција и опозиција, во класична смисла која веќе се употребува во Собранието. Тука може да постојат партии, политички сили, групи, може да постојат поединци кои даваат свој придонес на овој план и оние кои што се против и работат за оспорување на меѓународното призанвање на РМ. Затоа и не можам да прифатам одделни настапи на поедини пратеници, т.е. на одделни пратенички групи или партии во Парламентот и вон него, кои што во своите политички и партиски конфронтации или занесени во битката за освојуваше на власта, не водат доволно сметка со своите настапи и активности во Парламентот, во земјата и во странство, да не нанесуваат штета и го доведуваат во прашање меѓународното признавање на Република Македонија. Со други зборови, освојувањето на власта ќе биде Пирова победа од било која партија, доколку цената за тоа биде меѓународно не признава Република Македонија. Доколку цената биде губење на суверенитетот на државата, односно државата, Затоа за мене

е неприфатливо било кој партиски и политички интерес кој директно или индиректно го загрозува националниот односно државниот интерес на РМ. Да не бидам погрешно разбран не говорам за никаква лојалност спрема системот, спрема кој може да се изразува не- задоволство, да се сменува,доградува, сопорува, зборувам за лојалност спрема сопствената држава. Говорам за нашиот однос кон оваа историска шанса што ја имаат денешните генерации кон вековниот сон на генерациите пред нас и кон идните генерации за кои е неизвесно дали ќе ја имаат оваа шанса, доколку денешната ние ја пропуштиме, својата независност и сувереност да ја потврдиме со меѓународно признавање и со прием во светската заедница на државите.

Трето непосреден повод за денешната расправа е молбата што е во постапка во Советот за безбедност во ООН за прием на Република Македонија и зачестените лицитации кои што во јавноста се изнесуваат за можноста за прием на Република Македонија под изменето, ново, привремено или постојано име, вклучувајќи го најновиот предлог за поранешна југословенска Република Македонија, што во јавноста се афирмира и како официјален пред- лог на три држави од Европската заедница во Советот за безбедност. Верувам секој од вас го поставува веднаш основното прашање, да- ли овој предлог е формализиран и официјално доставен до нашата Република од една, и од друга страна дали Собранието односно органите што се надлежни за меѓународната активност и воопшто, ние имаме јасни и единствени политички ставови по ова прашање.

По првото прашање веќе министерот Малески даде од- говор. Меѓутоа, јас го поставувам и следното прашање - дали овој нов предлог од овие три европски држави не е нов пробен балон на лошата или

погрешна проценка од членките односно од овие членки на Европската заедница на нашата добра желба и спремност искажана во пресрет на Европскиот самит во Единбург, ако може да се додаде во заграда Скопје, може напред да се додаде поранешна. Тоа е тоа. Дали оваа иницијатива или спремност или добра желба што ја изразивме во пресрет на Единбург, погрешно или лошо е протолкувана од дел на членките на Европската заедница дека е можен нов пробив за менување на самото име.

Сигурен сум дека не го изнесувам само своето мислење, или мислењето на пратениците на Социјалистичката партија, туку на сите граѓани на Република Македонија, ако кажам дека нашиот став со името на нашата Република, ставот на Собранието, претседателот на Републиката, на Владата, ставот на министерот за надворешни работи е повеќе од јасен и бројно пати е изнесуван и потврдуван. Тој не е ниту тврд, не е ниту тврдоглав како што се изнесува од спротивната страна. Тоа е одговор, единствено можен, а тоа е Република Македонија. И зарем има потреба и дали е можно да се додаде нешто ново кон веќе толку пати искажаните аргументи и посебно сублимираните настапи на претседателот на Републиката, на претседателот на Владата и на Парламентот, посебно на министерот за надворешни работи, а особено настапот, последниот настап на претседателот на Владата пред Европскиот парламент во Брисел или изнесено во Меморандумот на Република Македонија до господинот Бутрос Гали, во врска со прием на ООН. Затоа мислам дека и дијалог веќе околу името станува по малку или повеќе ирационален.

Тој однос би ве потсетил и би искажал, најсликовито го оценија во една прилика врвните политичари и врвни раководители на една од соседните земји која меѓу првите не призна кој пред 40-тина странски

новинари и делегации, изнесе коментирајќи ги нашите изнесени гледишта во однос на спорот со Грција рекоа дека нема што да додадат на нашите оценки и становишта и дека во потполност се сложуваат, дека можат да додадат само два збора дека е тоа грчка параноја. Јас би додал уште тоа дали е тоа само Грчка?

Со други зборови макотрпно како никогаш досега на разни меѓународни форуми од светскиот печат не само меѓу дипломатите и политичарите македонското прашаше доби силна гласност и поддршка. Конечно Македонија во светот е пронајдена меѓународната карта а со тоа и македонската вистина. Светот веќе јасно знае дека спорот околу името на Македонија е само параван или како што тоа се оценува вешто наметната игра, чија суштина е многу подлабока - бришење на идентитетот на еден народ во која функција противници на неговата самостојност во историјата и денес сеат бројни заблуди, предрасуди, историски невистини и кои сакаат да ја претстават како држава без историја, како вештачка творба, анационална, а со тоа секогаш македонското прашање да ја доживее судбината на бројни мали народи кои нестанувале во историјата на светската сцена. Затоа и борбата за меѓународно признавање на Македонија всушност зборува за дефинитивно историско разјаснување на македонското прашање. И затоа под притисок на историските факти но и на сегашната реалност, постепено но сигурно конечно се пробива македонската мисла во светот толку негирана и потиснувана, посебно во овој век, се пробудува совеста и заблудата втемелена врз тесни државни интереси од бројни европски држави кои своевремено кумуваа на поделбата на Македонија и на македонскиот народ, мислејќи со тоа дека секогаш се ослободиле од македонското прашање. Затоа не е за чудење што во одделни соседни

држави хистеријата ја доживува својата кулминација, како своевиден без за поразот што го доживува една политика која што со децении настојуваше да докаже дека македонското прашање е непостоечко и дека Македонија, македонскиот народ и македонскиот граѓанин се вештачка творба, коминтерновска, коминтерновски производ и титова измислица. Затоа би завршил по ова прашање дека спорот околу името не е во са- мото име. Тоа е длабоко пошироко.

И четврто, не помалку значајни, би завршил, би са- кал да искажам дека се наоѓаме во една ситуација пред завршниот чин за меѓународното признавање на Македонија. Свесни за историската одговорност на денешната генерација и посебно на секој од нас поединечно, желни што поскоро меѓународно да биде призната Република Македонија, економски притиснати од сите страни и свесни за опасностите што ни претстојат и се она што е постигнато досега да биде доведено во прашање, често пати секо од нас и пошироко во јавноста, си го поставува прашањето дали направивме доволно и дали можевме повеќе, што е би рекол природно, еден природен однос и пред се одговор. Би имал ја исто така многу забелешки во нашата меѓународна политика. Веројатно можеше многу повеќе да се интензивира активноста. Како што и ден денеска не можев да најдам оправдување Република Македонија за две години да не може да издаде една единствена публикација на Македонија. На ниеден странец што доаѓа во Македонија да не може да му се даде публикација која е таа држава Македонија, освен Уставот и одделни документи од Министерството за надворешни работи. Затоа мислам дека за овие две години едната или другата Влада си носи одговорност на тој план. Промоцијата и широкото промовирање на Македонија, далеку можеше да се пополни со материјали и активности,

можеше многу поуспешно да се направи. Но тоа е една работа. Сосема е друго да се исцрпуваме, она што го правиме со меѓупартиски конфронтации околу тоа кој повеќе придонел или што најчесто се случува до негираше на се што е направено па дури и како што се прави и отворено сомневање и прогласување на предавници на македонската кауза. Ќе се сложите де ка тоа не може да биде во функција на меѓународното признавање на Република Македонија и уште повеќе што зачудува, во услови време кога не постои странска делегација кои што деновиве така зачестено доаѓаат во Републиката, и би рекол се поретко држави во светот, кои не се изразуваат позитивно за македонската меѓу народна политика или за процесот на демократска трансформација на државата, ние сами тврдиме дека таа политика е лоша, погрешна, па дури и надвор од Републиката во странство сугерираме де ка не заслужуваме меѓународно да бидеме признати.

**КИРО ПОПОВСКИ**: (продолжение)

Се блати државата Македонија, се објаснува дека тоа е последниот бастион на комунизмот во Европа, се блати претседателот на државата, Владата, министерот,во странство, што е елементарен нонсенс во политиката и културниот однос на било која држава, затоа што е тоа национален понос на секој граѓанин на сопствената држава. Можеме овде претседателот, Владата, министерот да ги критикуваме, да ставаме забелешки, да оспоруваме политика, но срамна работа е граѓанин на Македонија својата држава и своите легални органи во странство да напаѓа и оспорува. Не е тоа наш изум. Тоа е основно правило на однесување на секој граѓанин во светот, тој однос цивилизациски спрема сопствената држава. Токму тоа го правиме, а сите најбитни факти го говорат спротивното. Единствена Република во Бивша Југославија што по мирен и легитимен пат стекнавме своја самостојност и независност. Единствено ние успеавме да не се вовлечеме во војната. Единствено ние успеавме да го кажеме пред Европската заедница дека правото и правдата се на нашата страна. Единствено ние успеавме, Македонија, во однос на толку држави во Европа тој европски самит да го натераме да повлече своја декларација во однос на Македонија. Тој европски самит јавно пред светот да каже дека не е способен заради Грција и консензуалното решавање да го реши проблемот на Македонија. Од другата страна само Македонија беше, виза ви сите европски држави, тие исти европски држави со богати демократски традиции и критериуми да се откажат од решавањето и тоа да го препуштат на ООН. Денес таа иста Македонија не се спојува по стапка на критериуми што сите ги исполнува да биде примена во ООН. И од ООН

и од Европа единствено се поставува прашањето на измислената дилема на името Република Македонија. Се поставува прашање со какво лице и збор може да се оспоруваат ваквите активности. Ако веќе се оспорува нека не се право рушилачки. Дајте да помогнеме сите заедно, единствени да бидеме по прашање за кое единствени се изјаснивме. Дајте да видиме што можеме сите заеднички, сите демократски сили, сите оние на кои им е стало до РМ, пред светот да покажеме дека сме единствени, не пред Европа, пред светот и ООН. Мислам дека единствено тоа е историска шанса што на овие генерации се пружи треба да биде остварено.

Потврда за тој исправен наш став, за таа наша успешна надворешна политика со сите слабости се бројните делегации. Претседателот на Интернационалата. Јас му бев домаќин. Тој рече, не ви правам лице, ќе слушнете дека во сред Атина ова што вам ви го говорам ќе го потврдам. Ако синојка слушнавте Социјалистичката интернационала едногласно донесе одлука да предложи Македонија да биде призната со своето сопствено име. Сите социјалистички земји во Европа. Деновиве веројатно во Европскиот парламент и таа кауза ќе победи, бидејќи мнозинството парламентарци во Европскиот парламент се социјалисти. Бројните делегации, новите дипломатски куќи што се отвораа во РМ, признавањето на македонскиот пасош, македонската вистина пробива во целиот свет. Мислам дека тоа е резултат и за почит врз кои и те како има основа аз уште посмислена наша и меѓународна политика и за до крај издржување и опстојување на овие наши основни цели. Според тоа, без разлика дали сме Македонци, Турци, Роми,

Албанци, Власи, мораме по ова прашање да бидеме единствени и да бидеме лојални спрема сопствената заедничка држава. До крај мораме да се бориме бидејќи било каков губиток ќе биде пораст за секој од нас. Реков пирова победа ќе биде на секоја партија ако цената биде губење на меѓународен легитимитет и сувереност на Македонија. Пирова ќе биде таа власт кога нема да има држава каде таа треба да се остварува. Мислам дека свеста кај сите партии и парламентарци денес, по моја оценка е на такво ниво по ова прашање дека можеме и тој тактички, а сега и формален политички консензус национален да го постигнеме во битката за меѓународно признавање на Република Македонија, а со тоа и остварување на вековниот сон на генерации пред нас и во името на оние кои ќе дојдат по нас.

**ГОРГИ КОТЕВСКИ:**

Почитувани дами и господа,

Вие си спомнувате дека ние една ваква седница од два дена одржавме некаде и минатата година во летото и на таа седница некои работи беа изнесени и некои наши ставови во поглед на водењето на надворешната политика, а таа не може да се оддели од сегментот внатрешна политика, исто така дискутиравме.

На самиот почеток би сакал да кажам за она што овде од претходните говорници беше изнесено дека некој во оваа Македонија не е лојален или дека некој нема, во поглед на националните и државните интереси консензус, или не се согласува. Вие сте сведоци во овој македонски Парламент досега се што донесовме дали имавме разидување во поглед на државноста на Република Македонија. И еднаш да ставиме крај, да не манипулираме ни со јавноста ни со самите седници дека е некој за некаква позиција на Македонија, а некој друга ја води во некои други матни води. Ние досега тоа го докажавме во сите оние акти што ги донесе ова Собрание и тука нема дилеми.

Но, она што сакав прво да го потенцирам, во овој Парламент често се дискутира дека ние немаме право ниту смееме одредена личност, како да е недопирлива, не смееме да ја критикуваме туку треба да се согласуваме, треба да создаваме култ на личноста кон тие луѓе. Јас со секој респект и навистина секоја функција во мојата држава ја почитувам, почнувајќи од претседателот на државата па се до нај- ниските органи и функционери. Но, не се согласувам, или ако има мои аргументи или други некои вистини во поглед на водењето на таквата политика дали од министерот или од претседателот итн. јас имам полно право да не се слагам и институцијата претседател не ја врзувам и со неговата сопствена политика што сака да ја води надвор или внатре во Републиката. Такви состојби ние имаме и тука треба да направиме разграничување. Во тој контекст е и барањето на господинот министер Денко Малевски. Јас му замерам што денес ние бевме само пратеници, ни почитувани од негова страна, ниту дами, ниту господа, само пратеници. Тоа говори и за арогантниот однос на министерот за односи со странство што навистина јас за две години како член на комисијата за надворешна политика и односи со странство не успеав со овој министер ниту да поразговарам интимно, а бидејќи е од мојата националност, како Македонец, немав шанса да добијам нешто пооптиливо за она што се води внатре во Македонија и она што се води надвор од Македонија како надворешна политика. Сега многу симптоматично ми е кога господинот министер после две години утврдил и увидел, каков парадокс, утврдел и увидел дека Комисијата треба да се прошири, да биде во постојано заседание и на политички бон тон спремна. Не знам на каков политички бон тон мисли господинот Министер. Ако за овие две години ние не зграбивме соодветен однос помеѓу нас како луѓе како пратеници овде, без разлика кој на која партија припаѓа и без разлика кој на која политичка групација или националност му припаѓа, тоа мене апсолутно

не ме интересира. Но, она што е релевантно за мене е тоа дали ние со тие државни интереси, национални интереси се убедивме докрај во сите тие работи и конечно и во Комисијата и во Парламентот, а и од Министерството за односи со странство ги градиме целосно тие односи. Јас знам дека тука е создаден некаков јаз. Оваа комисија за овие две години е суспендирана, не функционира. Тоа значи дека извршната власт и она што претставува законодавно тело т.е. овој Парламент и неговата комисија прекинати се врските и ние апсолутно немаме никакви контакти или се е сведено, маргинализирано и ние немаме доволно релевантни показатели за водењето на надворешната политика. Затоа овде беше поставено уште едно прашање од министерот за односи со странство дека треба лојална позиција да имаме во овој Парламент или во Македонија. Но, јас се прашувам каква е таа лојалност и зошто сега во овој момент министерот за односи со странство ја бара таа лојалност. Дали ние со некоја, со било каков чекор во Македонија како опозиција, сега брзо сме декларирани како опозиција, со еден акт да не убеди министерот што направивме за Македонија да ја дестабилизираме, надворешната политика да ви ја попречиме што вие двајца суверени од Македонија суверено ја водите и за тоа најмногу ќе одговарате, или пак најголеми заслуги ќе добиете, ќе ве качиме на најголем пиедестал. Како барате сега вие лојалност, по која основа лојалност од опозицијата. Јас не можам да ве сфатам и не можам да ве разберам.

Уште еднаш да повторам. Ако се бара некаков бон-тон, ако се бара некаква лојалност, ние кажавме и тоа го кажа цел македонски народ и граѓаните дека нема никакво играње со државните национални интереси, ниту посегање по името на Македонија. Тоа е јасно и недвосмислено и

тука нема што да се навраќаме и да правиме само тавтологија, да повторуваме. Нема резон повеќе да дискутираме.

Но, овде на оваа говорница беше истакнато дека ние во овој Парламент постојано изигруваме некоја циркусијада. Јас да ве прашам господа пратеници и тој што овде дискутираше зошто изигруваме циркусијада кога претседателот на Републиката ни предложи овде два дена на расправа додавката Скопје и менување на името Македонија. Тоа не го предложи опозицијата. Тоа го предложи позицијата и овде два дена се крена копја од ваша страна, не убедувавте дека е тоа додавка и дека вие сте големи експерти за измислување на имиња, на додавки. Измисливте кнцентрациона влада, компетентна влада, додавка, придавка и уште незнам што ќе измислите со вашата фикција и до каде ќе одите. Навистина незнам. Два дена ние се расправавме за бесцелна работа, додавка на Република Македонија (Скопје). Сега не убедувате нас дека ние сме биле таа опозиција која не е лојална кои не сме за бон тон, кои не сме за високите национално - државни интереси на Република Македонија. Тоа нема никаков резон. Зошто циркусијада правиме, зашто чесно ја браневме таа позиција дека не смее да се менува името? Не гледам ништо зло тука јас, незнам. Ако вие гледате продолжете понатаму, дискутирајте. Но, да почнеме по ред да аргументирам некои работи еднаш во овој Парламент да расчистиме некои работи.

Јас не сум компетентен ниту сум толку стручен ниту го познавам совршено занаетот на надворешната дипломатија. Но, одредени личности овде на оваа говорница истакнуваа: Словенија е сецесиониста, Хрватска е сецесиониста. Тие иако брзаа и направија војни ние ги стигнавме, ќе бидеме заедно признати со Словенија. Земете ги стенографските белешки, па ќе видите што пишува внатре кој го изјавуваше тоа. Не го изјавував јас, бидејќи не сум вешт дипломат и

немам големо искуство, не го познавам добро тој занает. Ако ми ветат некое такво дипломатско место сигурно ќе го испечам во наредниот период ако некој има шанса да ми го даде (смеа во салата).

Значи, ние тоа не го сугерираме. Некој друг тоа го сугерираше. Истото се случуваше и во понатамошниот тек за сите настани во овој македонски Парламент и вие сте свесни кој се овде изнесуваше и какви вистини во Парламентот. Не сакам да го враќам филмот station наназад.

Вие господо од позицијата доколку сакате национален консензус по сите тие прашања што се од витален интерес за Македонија, ние неколку пати ви фрливе ракавица, предизвик овде во Парламентот и го сакавме тоа. Но, вие што направивте? На една ваша седница кажавте дека претседателот на Република Македонија е најголемата ваша инвестиција, а тоа претседателот на Републиката не го демантира и остана како претседател од вашата партија а не како претседател на цела македонска држава и на сите граѓани и партии на Република Македонија. Тоа е голема грешка и голема заблуда. Претседателот на државата е репрезентативна личност и тој е олицетворение на сите луѓе и граѓани во Република Македонија. Тој не е претседател само на Македонците и не е претседател само на СДС. Вие тоа не го демантиравте. Тоа го истакнувам за да укажам и за тие погрешки чекори на водење на надворешната политика во Македонија. Вие љубоморно, дури детински љубоморно само неколку луѓе од Република Македонија без да вклучите цел оној мозок арсенал на луѓе што постојат кај нас, без разлика дека биле во бивша Југославија и дипломатија, без разлика што беа вратени некои тука и се оставени на милост и немилост. Вие не сакавте да ги вклучите се со една цел, вие да го понесете најголемиот ореол на славата,дека вие можете првата револуција да ја извојувате во Македонија со антифашистичката револуција, дека и овој пат можете

Македонија да ја доведете во меѓународни рамки како независна, суверена и самостојна држава. Но, јас морам да ве потсетам дека една генерација не може да прави две револуции. Затоа ние имаме барем и мал дел во она што треба да се гради во Македонија или да се надоградува.

Исто така беше укажано дека во водењето на надворешната политика се било во ред, немало големи пропусти. Ако, господа пратеници, она што требаше да значи затворена седница некој ни го презентираше во Комисијата за надворешна политика и односи со странство сепак имавме одредени сознанија да видиме што се тие толку тајни барем за одреден број луѓе да знаеме што е тоа во водењето на надворешната политика. Инаку се останува табу тема и фетиш. Сега ние од една страна во Комисијата бевме ставени во позиција да мораме некои работи што можеби во таа надворешна политика се доста неисправно водени, некоректни да бидеме извесно покритие и во овој Парламент да донесеме било какви заклучоци. Затоа е таков и оној извештај од Комисијата. Но, тоа заврши, Комисијата нормално, како што кажав, е суспендирана сега засега. Јас ги прифаќам оние заложби дека оваа комисија треба да функционира и тој компромис, соодност,корелација на работата треба да постои на Комисијата и Министерството за односи со странство.

Но, нешто што сакам да кажам е во врска со онаа енигма што се шири во Македонија и што постојано го притиска нашиот човек околу додавката или префиксот - бивша југословенска република Македонија.

**ГОРГИ КОТЕВСКИ**: (Продолжение)

И во оваа Информација и во сите други документи хронолошки е истакнато како се водени тие разговори и преговори околу надворешната политика. Но, едно прашање е нејасно како може за одредени состојби во Македонија еве да кажеме со доаѓањето на мировните сили во Македонија, па и со зачленувањето на Македонија во тие меѓународни монетарни институции, како може таму да фигурира такво име бивша југословенска република Македонија, ако некој од оваа држава не дал согласност или прекутно дал согласност да фигурира ваквото име а ние како пратеници и како Парламент нормално се што имаме донесено, таква работа не сме допуштиле досега. И што е заговорот на повеќето пратеници. Тоа навистина ме чуди. Ако некој има некоја скриена работа, нешто скриено или треба да се каже нека повели овде на оваа говорница нека истакне што е работата. Еднаш треба да му биде јасно и на народот и на нас затоа што навистина страшно е еродирано јавното мислење во Македонија во поглед на оваа додавка Бивша Југословенска Република.

Кога сум тука лично како човек сметам дека одредени состојби од минатото околу поделбите на Македонија со префиксот Бивша Југословенска Република Македонија, ако ние прифатиме таква состојба значи прифаќаме една состојба на статус од минатото кога Македонија е делена, а исто така прифаќаме статус на една лебдечка држава која во понатамошниот тек во таа меѓународна дипломатија и тие меѓународни контакти ќе имаме голема мака за признавање и ќе лебдиме во воздухот. Тоа е еден случај што е познат во човештвото и нациите во светот, има такви земји кои се уште не се признати заради една не одредена не

дефинирана состојба. Ние сме во таква деликатна состојба конфузна состојба каде што секој потез, секој чекот треба да го мериме затоа што може да има последици по она што треба да значи иднина за Република Македонија.

На крајот сакам да завршам ако надворешната политика господинот министер за односи со странство смета дека била одлично водена, а исто во тој контекст и претседателот на Републиката, бидејќи тие две личности се најдобро запознати и тие се најкомпетентни, најповикани и нај одговорни за таа работа треба сепак нешто повеќе да изнесат во овој Парламент и во поглед на сознанието на јавноста. Но, како што реков и претходно ние не можеме надворешната политика, водењето на таа политика водејќи ја неа заборавивме дома што треба да правиме и како треба да се однесуваме. Ние Македонија се уште не ја заокруживме и сите оние други системски закони што требаше да ги донесеме претходната Влада во пакет, ние се уште ги немаме донесено. Тоа значи дека на внатрешен план ние исто така како и на надворешен план доживуваме потполно фијаско, доживуваме затоа што нашиот стандард, нашиот човек се повеќе тоне, стопанството пропаѓа, нелојалната конкуренција, сивата економија, шверцот итн. цвета во оваа држава. Тоа е еден голем симптом да се види колку оваа држава е на стабилни нозе во Македонија. Тоа е голем симптом и тоа е една гаранција колку ние внатре можеме да бидеме компактни за да можеме и од внатрешната политика да можеме успешно да ја водиме надворешната политика како стабилна држава, како стабилен субјект.

Кога сум тука во поглед на внатрешната политика навистина ние господа пратеници треба конечно по две години да си признаеме дека повеќе не сме за овој Парламент, дека ние не го положивме испитот и

потполно во Македонија треба да се реконструира целата власт, но тука треба да направиме една мала разлика. Во Македонија мора најголема одговорност да сносат барем два тројца функционери политичари од оваа држава затоа што целата таа власт, сите тие институции, суспендирани комисии, суспендиран овој Парламент за да може да функционира правилно и демократски, суспендирана Влада, суспендиран премиер кој не може во две години ни претходниот ни овој нема ниту еден контакт во поглед на признавањето на Република Македонија и водењето на надворешната политика е главна алка во поглед на премиерската функција и нормално во тој однос и министерот за односи со странство.

Најголема одговорност во овој случај мора да поднесе првиот човек на Република Македонија затоа што, како сакате да ме сфатите или критизерски или некритизерски ако правите анализа и синтеза на сите работи во две години ќе увидите дека се е суспендирано од еден човек во оваа држава. До колку еден човек во одредено министерство, како што е министерот Денко Малески нема сопствена визија за водењето на надворешната политика и со тој цел персонал во Министерството за односи со странство. Ако некој друг постојано ви кажува негова концепција или негова замисла, а вие немате сопствена т.е. не размислувате со сопствен ум и разум како тоа треба да се води, јас тука го гледам неуспешното водење на надворешната политика и тука е најголемата одговорност.

Конечно да завршам заради не успехот на надворешната политика најголема одговорност има првиот човек во Република Македонија и министерот за односи со странство Денко Малески.

По сето ова што се направи, јас мислам дека морална одговорност сносат и ако најдобро за Македонија, вие можете цинично да се смеете, меѓутоа, за брзо време ќе покаже иднината дека нај- добриот чекот ќе биде во Македонија ако министерот за односи со странство си поднесе оставка и ако претседателот исто така си поднесе оставка, има доволно кадри во оваа Република да ја преземат власта на соодветен демократски начин со нови избори во Република Македонија затоа што немаме се уште уставен претседател и затоа ве молам задржете си го мислењето, јас морам да довршам и уште еднаш потенцирам ќе видите дека тоа ќе се случи Вие сакале или не, ние мораме да имаме и предвремени избори и да се види дека во оваа Република навистина се направени суспензии во сите институции на системот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

За збор се јави господинот Наумовски.

(Реакција кај пратениците бараат да се прекине седницата бидејќи помина 17,00 часот).

Да го слушнеме и него како последен говорник, но еве господинот Мухамед Халили има процедурално прашање.

**МУХАМЕД ХАЛИЛИ:**

Се знае метод на работа е 17,00 часот. Поради ова господине претседателе ние имаме чести такви случаеви што МТВ се шегува со луѓето, ги прекинува емисиите на националностите поради тоа што тука луѓето трескаат глупости.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Немојте така Ве молам. Видете, ако може да се искаже Славе Наумовски оти многу го прекинувавме. Господинот Стефковски процедурално.

IX/5.-

**ТОМИСЛАВ СТЕФКОВСКИ:**

Почитуван претседателе, јас само сакам да укажам дека денеска кога расправаме за оваа тема наводното правило кое е така утврдено не ќе треба да важи и Парламентот треба да работи барем до 20,00 часот, бидејќи ако се вратиме малку назад ќе видиме дека почнавме некаде околу 14,00 часот. Не сме воопшто продуктивни и предлагам Парламентот да продолжи со работа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Можеме потоа да се договориме, но му давам збор на господинот Наумовски, инаку правевме многу паузи, денеска па треба да се поработи.

Инаку да ви кажам има доста дискутанти, но сите вечерва не можат да се искажат. Утре мора да имаме седница. Но, дајте да го слушнеме господинот Наумовски.

**СЛАВЕ НАУМОВСКИ:**

Почитувани пратеници, до сега Собранието на Република Македонија повеќе пати ги разгледувало начелните прашања на меѓународното признавање на суверенитетот и независноста на Република Македонија.

Донесени се две битни Декларации и тоа на 20 декември 1991 година и 3 јули 1992 година, како и заклучок на Собранието на Република Македонија на седницата одржана на 2 септември 1992 година во врска со Декларацијата за Југославија на министерскиот состанок на Европската заедница во Брисел.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Јас не можам да Ве разберам, ако може по полека да читате, оти тешко се следи.

**СЛАВЕ НАУМОВСКИ:**

Собранието на Република Македонија во овие документи ги постави глобалните рамки на надворешната политика на Република Македонија со кои е задолжена Владата и Министерството за односи со странство да ги преземат сите потребни активности за нивна реализација. Едно времено тие рамки значат основа за извршување на уставно утврдените должности на претседателот на Република Македонија во овој поглед.

Со оваа генерално зацртана политика од Собранието на Република Македонија започнат е и покренат процес во целата меѓународна заедница за меѓународно признавање на Република Македонија.

Сакам да истакнам дека и во расправите во Собранието на Република Македонија и во документите е ексциплитно предупредено дека е тоа процес во чиј позитивен исход сме убедени, но и кој зависи од реалните политички односи во светот и во нашето политичко опкружување. Во тој процес, се разбира, има поволни, но и неповолни дејства за нас, акти, предлози, но не може да се каже дека досегашните резултати се негативни или доколку се уште крајниот исход не е на повидок дека тоа зависело од начинот на водењето на надворешната политика. Според тоа и предлогот на трите земји Шпанија, Франција и Велика Британија за приемот на Република Македонија за членство во Обединетите нации во привремен облик како што е даден и за кој ние како Собрание не сме официјално известени е во рамките- на тој процес на меѓународно признавање. Тоа е еден од повеќето предлози кои до-сега се обликувани и предлагани за да се реши наводно компромисно проблемот на нашето признавање, бидејќи името на Република Македонија е историски и реален факт утврден и со Уставот како и со

веќе спомнатите декларации од ова Собрание. Сметам дека дискусиите околу името се беспредметни, но тоа не треба да значи дека натамошното дејствување на органите на Република Македонија околу приемот во Обединетите нации не треба и натаму интензивно да се одвиваат вклучувајќи разговори, дијалог и размена на мислења со сите фактори во Обединетите нации и во меѓународната заедница до конечно завршување на процесот на меѓународно признавање.

Сметам дека самиот факт што барањето на Република Македонија за прием во Обединетите нации е веќе поднесено под името Република Македонија и вклучено во процедурата на Советот за безбедност на Генералното Собрание за нас е голем чекор напред, факт што ја надминува Лисабонската декларација, па и другите документи на Европската заедница и ни обезбедува правна основа за прием на Република Македонија во Обединетите нации и општо признавање од нејзините членки.

Преостанува разрешување на политичкиот аспект на нашето признавање што може да се стори со разговори, дипломатии и натамошни контакти што впрочем е обврска и должност на надлежните органи.

Самиот факт што сега се бара решение само за начинот за прием на Република Македонија во Обединетите нации, а не е спорно зачленувањето зборува дека формата е суптилен дипломатски меѓучекор, но никако чекор назад во постапката за прием на Република Македонија во Обединетите нации.

Многу е важно да се напомене дека приемот на Република Македонија во Обединетите нации во овој момент директно ќе значи поништување на Букурешкиот договор од 1913 година додека задржувањето на Република Македонија надвор од членството од

Обединетите нации  на некој начин го продолжува осумдесет годишното статус кво и ги потхранува надежите на старите аспиранти за поделба на Република Македонија.

Бидејќи не се условува промена на името Република Македонија во пријавата за прием во Обединетите нации и не е потребен никаков Референдум што овде некој го заговара сакајќи да остави впечаток дека зборува од името на народот, Република Македонија со приемот во Обединетите нации како рамноправен член на Обединетите нации ќе се здобие со можноста да предлага резолуции кои ќе ја јакнат нејзината позиција, додека ако не се искористи оваа можност и Република Македонија не стане член на Обединетите нации, тогаш е јасно дека Република Македонија е надвор до сите системи на колективна безбедност и осамено е соочена со вистинските опасности за сопствениот опстанок. Се разбира, во политичките контакти и дејствувања на надлежните органи на Република Македонија во оваа смисла, Собранието треба да бара како придржување на принципите кои сме ги утврдиле со глобалните рамки на надворешната политика содржани во претходно споменатите декларации, така и прецизирање на условите кои се содржани во новиот предлог.

Во согласност со погледите што ги изнесов, сакам да понудам предлог заклучоци од денешната расправа.

Прво, Собранието на Република Македонија ја подржува Информацијата на Владата на Република Македонија за досегашните активности на Република Македонија аз прием во Обединетите нации.

Второ, се поддржува основната политичка определба на дејствување на надлежните органи на Република Македонија околу приемот на Република Македонија во Обединетите нации и во целокупниот процес на меѓународно признавање на Републиката.

IX/9.-

Трето, Собранието на Република Македонија го поддржува Меморандумот на претседателот на Република Македонија Киро Глигоров упатено до Обединетите нации, а во врска со барањето на Република Македонија за прием во Обединетите нации.

Четврто, Собранието на Република Македонија смета за неопходно да продолжат активностите на надлежните органи на Републиката во постапката за прием на Република Македонија во Обединетите нации.

Неопходен е активен однос во разјаснувањето и договарањето во рамките на Советот за безбедност на Обединетите нации во врска со сите иницијативи за решавање на преостанатите проблеми за што побрз прием на Република Македонија во Обединетите нации.

Јас би сакал да се дистрибуираат предлог заклучоците до пратениците.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Како да направиме сега има доста учесници, вечерва не можеме да завршиме. Ако сакате да тераме до крај, тогаш до крај (негодување кај пратениците бараат да прекине седницата). Но, повеќето се оние кој велат дека се уморни.

Предлагам да продолжиме утре во 10 часот, но тогаш и да започнеме со работа.

(Седницата прекина со работа во 17,20 часот).